R2079-F6

2693 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 31 декември 1975
Скопје
Број 47 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 8 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**500.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО

Се прогласува Законот за општествениот правобранител на самоуправувањето, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 декември 1975 година.

Број 06-3461
26 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с.р.

Претседател
на Претседателството
на СРМ,
**Видое Смилевски,** с.р.

## ЗАКОН

### ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО

Глава I

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Општествениот правобранител на самоуправувањето, како самостоен орган на општествената заедница, презема мерки и правни средства и врши други права и должности утврдени со Уставот и со закон, заради остварување заштитата на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост.

Член 2

Општествениот правобранител на самоуправувањето е самостоен во вршењето на функцијата и е одговорен за нејзиното вршење.

Член 3

Општествениот правобранител на самоуправувањето работите од својата надлежност ги врши врз основа на Уставот и законот.

Член 4

Општествениот правобранител на самоуправувањето ги следи и проучува општествените односи и појави што се од интерес за вршењето на неговата функција и за забележаните појави и проблеми ги запознава соодветните самоуправни организации или заедници, односно Стопанската комора на Македонија или други здруженија на самоуправните организации или заедници, како и соодветните општествено-политички организации и собранието на соодветната општина односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија и другите државни органи, им го изнесува своето мислење за тие појави и проблеми, им поднесува предлог или дава друга иницијатива заради преземање на мерки и активности од пошироко значење за отстранување и спречување на повредите на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост.

Член 5

Општествениот правобранител на самоуправувањето, на собранието на соодветната општина односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија му поднесува извештај за својата работа, по нивно барање или по своја иницијатива, за состојбата, појавите и проблемите и дава мислења и предлози во областа на заштитата на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост.

За дејноста на општествениот правобранител на самоуправувањето расправаат собранието на општината и Собранието на Социјалистичка Република Македонија и општествено-политичките организации здружени во Социјалистичкиот сојуз на работниот народ.

Член 6

Работата на општествениот правобранител на самоуправувањето е јавна.

Општествениот правобранител на самоуправувањето ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање и на друг соодветен начин, за состојбата и појавите во областа на заштитата на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост и за другите проблеми и појави што се од интерес за општествената заедница што ги забележил во својата работа.

Известувањето на јавноста може да стане и за одделни случаи на преземените мерки и интервенции во остварувањето на својата функција.

Член 7

Општествениот правобранител на самоуправувањето, во остварувањето на својата функција, соработува со соодветните организации на здружениот труд, заедници, здруженија, а посебно со органите на самоуправната работничка контрола и другите органи на самоуправните организации и заедници, со собранијата на соодветните општини односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија, општествено-политичките и другите општествени организации, здруженија, интересни и други заедници, месни заедници како и со државните органи, на кои им укажува, дава мислења и иницијатива и предлага соодветни мерки заради спречување и отстранување на повредите на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост.

Член 8

Органите на општините и Републиката, редовните судови, судовите на здружениот труд и другите самоуправни судови, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации, месните заедници, самоуправните интересни заедници се должни општествениот правобранител на

самоуправувањето да го известуваат за случаите на повреда на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост, а по негово барање да му доставуваат известувања и податоци од интерес за вршење на неговата функција.

Редовните судови и судовите на здружениот труд, другите самоуправни судови и државните органи се должни по барање на општествениот правобранител на самоуправувањето да му укажуваат правна помош.

По барање од општествениот правобранител на самоуправувањето инспекциските и другите органи на управата, како и Службата на општественото книговодство, се должни да извршат определени дејствија во рамките на нивните надлежности неопходни за остварување на неговата функција. Општествениот правобранител на самоуправувањето може да бара овие дејствија да се извршат итно.

Член 9

Општествените правобранители на самоуправувањето меѓусебно соработуваат и си укажуваат правна помош по прашања што се од заеднички интерес за остварување на нивната функција.

Член 10

Општествениот правобранител на самоуправувањето и јавното правобранителство меѓусебно соработуваат по прашања за заштита на општествената сопственост.

Глава II

## НАДЛЕЖНОСТ И ОВЛАСТУВАЊА

Член 11

Општествениот правобранител на самоуправувањето поведува постапка за заштита на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост по своја иницијатива или по иницијатива од работниците, органот на самоуправната контрола, организациите на здружениот труд, месните заедници и од други самоуправни организации, односно заедници, синдикатот и другите општествено-политички и други организации, граѓаните и органите на општествено-политичките заедници.

Член 12

Општествениот правобранител на самоуправувањето, кога во вршењето на својата функција ќе утврди дека со општ акт или поединечен акт донесен надвор од управната или судската постапка или со дејствие на организација на здружениот труд и месна заедница, самоуправна интересна заедница и на друга самоуправна организација или заедница, на општествено-политичка организација, или на друго општествено-правно лице односно на орган на општествено-политичката заедница се повредуваат самоуправните права на работните луѓе или општествената сопственост или се повредува со Уставот или со законот односно со самоуправниот општ акт утврдено право, обврска и одговорност во поглед на управувањето, располагањето и користењето на општествените средства или во поглед на стекнувањето, распоредувањето и распределбата на доходот остварен во самоуправно здружениот труд, освен ако повредата на општествената сопственост се врши преку акт или дејствие со кое е заснован правен однос со трето лице, е овластен особено:

— да укажува, изнесува мислење, дава иницијатива, поднесува предлози и соработува со организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, синдикалната и други општествено-политички организации, општествени организации и здруженија, собранијата на соодветните општини односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија и на нив одговорните и други органи, заради спречување и отстранување на повредите на самоуправните права на работните луѓе или нанесување штета на општествената сопственост;

— да поведува постапка пред уставниот суд заради оценување на уставноста на законите и уставноста и законитоста на другите прописи или општи акти на органите на општествено-политичките заедници, како и на самоуправните општи акти, согласно со одредбите од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставот на Социјалистичка Република Македонија;

— да поведува постапка пред судот на здружениот труд, друг надлежен суд или друг орган ако е во прашање повреда на самоуправното право на работните луѓе или на општествената сопственост;

— да му предлага на надлежниот орган во рамките на својата надлежност привремено да запре извршување на одлука, друг акт или дејствие на органите на собранието на соодветната општина односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија, самоуправните општи акти и поединечните акти со кои се повредуваат самоуправните права на работните луѓе и општествената сопственост под условите предвидени со Уставот и законот;

— да им дава иницијатива на органите на собранието на надлежната општина односно на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, за донесување, изменување и дополнување на закон и други прописи или општи акти како и за укинување, поништување на прописите и другите општи акти со кои се повредува самоуправното право на работните луѓе или општествената сопственост;

— да му предлага на собранието на соодветната општина односно на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, во рамките на нивните надлежности, постапка за укинување или поништување на пропис или друг општ акт на неговиот извршен или управен орган со кој се повредува самоуправното право на работните луѓе или општествената сопственост, а пред извршниот орган на собранието на соодветната општина односно Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — да укине таков акт;

— да врши и други работи што со закон се ставени во негова надлежност.

Член 13

Општествениот правобранител на самоуправувањето или право и должност, кога ќе најде дека со општ акт, или со поединечен акт донесен надвор од управната или судската постапка, или со дејствие на организација на здружен труд, на друга самоуправна организација или заедница, на општествено-политичка организација, односно на орган на општествено-политичка заедница се повредува самоуправно право на работните луѓе или општествената сопственост да ѝ укаже на тоа на соодветната организација, заедница или орган и да им поднесе предлог или да даде друга иницијатива заради усогласување на соодветниот акт или дејствие со Уставот и законот, односно со самоуправниот општ акт.

Член 14

Општествениот правобранител на самоуправувањето поведува со закон предвидена постапка пред надлежниот суд на здружениот труд, друг суд или друг орган, кога ќе најде дека се повредени самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост во самоуправните организации и заедници и републичките односно општинските органи.

Општествениот правобранител на самоуправувањето, кога ќе поведе постапка пред редовните судови заради остварување заштитата на општествената сопственост по одделни предмети, со заемен договор може да го овласти јавниот правобранител да го застапува, кој во таа постапка има овластувања утврдени со законот.

Член 15

Општествениот правобранител на самоуправувањето, во случај кога во организација на здружениот труд или во друга самоуправна организација, односно заедница, битно ќе се нарушат самоуправните односи или потешко ќе се оштетат општествените интереси, или ако организацијата односно заедницата не ги извршува со закон утврдените обврски, под услови и во постапка утврдена со закон, може да му предложи на собранието на соодветната општина односно на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, во рамките на својата надлежност, да ги примени мерките предвидени со закон.

Ако собранието на соодветната општина односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија без предлог од општествениот правобранител на самоуправувањето води постапка заради примена на мерки поради битно нарушени самоуправни односи или потешко оштетување на општествените интереси во организација на здружениот труд или во друга самоуправна организација односно заедница, или поради неизвршување на утврдените обврски со законот од страна на организацијата на здружениот труд или друга самоуправна организација односно заедница, за тоа го известува општествениот правобранител на самоуправувањето и при донесувањето на одлуката го разгледува мислењето што тој ѝ го дава во поглед на постоењето на услови за примена на предвидените мерки.

Собранието на соодветната општина односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија ќе го извести општествениот правобранител на самоуправувањето и во случај кога тој поднел предлог во смисла на став 1 од овој член.

Член 16

Општествениот правобранител на самоуправувањето може да поднесе барање до надлежниот суд, односно до друг надлежен орган, привремено да го запре извршувањето на општ акт или на поединечен акт донесен надвор од управната или судската постапка, како и извршувањето на дејствие на организација на здружениот труд, на друга самоуправна организација или заедница, на општествено-политичка организација, односно на орган на општествено-политичката заедница, освен на собранието на таа заедница, ако со извршувањето на актот или на дејствието потешко би се повредило самоуправното право на работните луѓе или општествената сопственост, а околностите на случајот бараат повредата неодложно да се спречи.

Надлежниот суд, односно другиот надлежен орган е должен итно да го земе во постапка барањето на општествениот правобранител на самоуправувањето и најдоцна во рок од три дена од денот на поднесувањето на барањето да донесе одлука за тоа барање, а во продолжение на постапката да донесе конечна одлука за спорното прашање.

Член 17

Во остварувањето заштитата на општествената сопственост, општествениот правобранител на самоуправувањето презема мерки и правни средства во случаите кога со акт или дејствие на организација на здружениот труд, на друго општествено-правно лице, односно на државен орган, се повредува со Устав и закон односно самоуправен општ акт утврдено право, обврска и одговорност во поглед на управувањето, располагањето и користењето на општествените средства или во поглед на стекнувањето, распоредувањето и распределбата на доходот остварен во самоуправно здружениот труд, освен ако повредата на општествената сопственост се врши со акт или дејствие со кое е заснован правен однос со трето лице.

По исклучок, ако во поглед на општествените средства со акт или дејствие од став 1 на овој член е заснован правен однос со трето лице, општествениот правобранител на самоуправувањето може во случај и под услови определени со посебен закон, пред надлежниот суд, односно пред друг надлежен орган, да го напаѓа актот или дејствието на организацијата, заедницата, друго општествено-правно лице или органот од став 1 на овој член ако со тој акт или дејствие незаконито се располага со општествените средства во корист на трети лица, или ако се повредуваат начелата на национализацијата или начелата на ограничувањето на личната сопственост.

На начинот од став 1 ќе се постапи и во случај кога на штета на општествениот имот се даде подарок, провизија или награда, или на друг начин се отуѓи општествен имот во корист на трето лице, во вредност што е во очигледна несразмера со вложениот труд или воопшто не произлегува од трудот.

Член 18

Ако смета дека е тоа неопходно заради заштита на самоуправните права на работните луѓе или на општествената сопственост, општествениот правобранител на самоуправувањето во вршењето на својата функција може да бара да се свика седница на органите на управување на организација на здружен труд, односно седница на овластениот орган на друга самоуправна организација или заедница, заради непосредно разгледување на определено прашање од областа на заштитата на самоуправните права на работните луѓе или општествената сопственост, или може да бара на работните луѓе да им се соопштат односно да им се објават документите и податоците кои се однесуваат на остварувањето на нивните самоуправни права или на заштитата на општествената сопственост во определената самоуправна организација или заедница, или може да преземе друга мерка за која е овластен со закон.

Ако овластениот работник, односно органот во организацијата на здружениот труд, во друга самоуправна организација или заедница не свика седница по барањето од став 1 на овој член во рок од 15 дена од примнемото барање, општествениот правобранител на самоуправувањето, по прибавеното мислење од Социјалистичкиот сојуз на работниот народ и од синдикатите, може самиот да свика седница.

Член 19

Самоуправните и други организации и заедници и нивните органи на самоуправна контрола на кои општествениот правобранител на самоуправувањето им укажал, им дал свое мислење, иницијатива или предложил преземање на мерки односно дал предлог за поведување на соодветна постапка за заштита на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост, се должни да ги разгледаат и за заземениот став да го известат општествениот правобранител на самоуправувањето.

Член 20

Општествениот правобранител на самоуправувањето е должен од работниците, органите на самоуправната работничка контрола, организациите на здружениот труд, месните заедници, самоуправните интересни заедници и другите самоуправни организации, како и од соодветните општествено-политички и други општествени организации, здруженија, граѓани, собранија, односно други надлежни органи на соодветните општествено-политички заедници, да прима претставки, поднесоци и изјави за повредите на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост заради преземање на со закон предвидените мерки и правни средства од својот делокруг.

Општествениот правобранител на самоуправувањето е должен на подносителите од став 1 да им дава одговори во примерен рок.

Одговорните лица во организациите и органите од став 1 се должни да се јават на поканите на општествениот правобранител на самоуправувањето заради давање на изјави и потребни из-

вестувања во постапката за утврдување повредата на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост.

Член 21

Заради вршење на својата функција, општествениот правобранител на самоуправувањето има право во организација на здружениот труд, во друга самоуправна организација и заедница, во работна заедница на општествено-политичка организација и друга општествена организација, односно во органот на општествено-политичката заедница, непосредно од работните луѓе и граѓаните, односно непосредно од овластените органи на тие организации и заедници, да се известува за остварувањето на самоуправните права на работните луѓе и заштитата на општествената сопственост.

За таа цел, општествениот правобранител на самоуправувањето има право да врши увид во дејноста и документацијата на организациите и заедниците од став 1 на овој член, односно на органите на општествено-политичката заедница, како и право од нив да бара да му ги доставaт потребните известувања и податоци, односно да му ги доставaт на увид самоуправните акти, ако дејноста, документацијата, известувањата и податоците се од значење за заштита на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост.

Член 22

Општествениот правобранител на самоуправувањето, кога ќе забележи дека со општ или друг акт или дејствие односно пропуштање на органите на организациите на здружениот труд, самоуправните интересни заедници и другите самоуправни организации, на општествено-политичките и други општествени организации, здруженија и органи на општествено-политичките заедници, работните луѓе на одредено подрачје се доведуваат во нерамноправна положба на единствениот југословенски пазар во однос на работните луѓе од другите подрачја, ги предупредува да ги усогласат своите акти односно постапки со Уставот и законот.

Член 23

Кога со самоуправна спогодба или општествен договор, со кој работниците и другите работни луѓе ги уредуваат меѓусебните односи, ги усогласуваат интересите и ги уредуваат односите од пошироко општествено значење, се повредуваат самоуправните права на работните луѓе и општествената сопственост, општествениот правобранител на самоуправувањето ќе ги предупреди потписниците на самоуправната спогодба односно општествениот договор да ги усогласат со Уставот и законот.

Потписниците од претходниот став се должни во примерен рок да го разгледаат предупредувањето на општествениот правобранител на самоуправувањето и да го известат за заземениот став.

Член 24

Општествениот правобранител на самоуправувањето, кога ќе утврди дека со повредувањето на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост е сторено кривично дело или стопански престап, поднесува пријава до надлежниот јавен обвинител заради водење на постапка против одговорното лице.

Јавниот обвинител, кој постапува по пријавата од став 1 на овој член, го известува општествениот правобранител на самоуправувањето за исходот на постапката по поднесената пријава.

Кога јавниот обвинител ќе ја отфрли кривичната пријава за кривично дело повреда на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост, што ја поднел друг орган односно правно лице или поединец, за тоа го известува надлежниот општествен правобранител на самоуправувањето.

Член 25

Во кривичната постапка, ако со кривичното дело е оштетена општествената сопственост, општествениот правобранител на самоуправувањето поднесува предлог за остварување на имотноправно барање, доколку таков не е поднесен.

Член 26

Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето ги врши овластувањата од овој закон во сите случаи кога се работи за повреда на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост на организациите на здружениот труд, самоуправните организации и заедници и државни органи, освен оние што се во надлежност на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето.

Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето заради заштита на самоуправните права на работните луѓе што работат во здружениот труд на територијата на општината односно општините за кои е установен, може да презема мерки и правни средства пред судовите и органите и на територијата на друга општина.

Член 27

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето врши овластување од овој закон во случаите кога се работи за повреда на самоуправните права и на општествената сопственост на организациите на здружениот труд, самоуправните организации и заедници и државни органи што ги основала Републиката или спрема кои Републиката врши право на надзор.

Функцијата на заштитата на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост, Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето ја врши и во поглед на актите и дејствијата на самоуправните организации и заедници, чија дејност е од општ интерес за Републиката односно кои се основани за територијата на Социјалистичка Република Македонија заради остварување на задачи од општ општествен интерес, ако тие акти односно работи имаат дејство на целата територија.

Член 28

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето може да ја преземе постапката во одделни работи или дејствија што ги започнал општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето.

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето може и непосредно да презема мерки и правни средства предвидени со закон од надлежност на општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето кога ќе оцени дека е потребно негово учество заради заштита на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост, ако и додека овој орган не ја извршува ефикасно својата функција.

Ако републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето преземе непосредно мерки и правни средства во смисла на став 1 односно преземе постапка во смисла на став 2 на овој член, за тоа го известува собранието на соодветната општина и надлежниот општински општествен правобранител на самоуправувањето.

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето, по иницијатива од работници, односно од други работни луѓе и од граѓани, од органи на самоуправната контрола, од организации на здружениот труд, други самоуправни организации, односно заедници и од општествено-политичките организации, кога смета дека е тоа неопходно за заштита на самоуправните права на работните луѓе или на општествената сопственост, може да преземе постапка во одделен предмет што го започнал општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето во Републиката, доколку овој не постапувал ефикасно, а за тоа го известува собранието на соодветната општина.

Член 29

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето и општинските општествени правобранители на самоуправувањето меѓусебно соработуваат, разгледуваат прашања од општо значење за заштитата на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост и разменуваат мислења на начин утврден со договор.

Член 30

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето соработува со Сојузниот и републичките односно покраинските општествени правобранители на самоуправувањето по прашања што се од заеднички интерес, на начин утврден со договор, разгледуваат прашања од општо значење за заштита на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост, а по потреба разменуваат и писмени материјали.

Член 31

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето може, заради успешно вршење на својата функција, на општинските општествени правобранители на самоуправувањето да им дава упатства.

Глава III

ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 32

Функцијата на општествен правобранител на самоуправувањето во рамките на правата и должностите на Социјалистичка Република Македонија ја врши Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето, а во рамките на правата и должностите на општината општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето.

Член 33

Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето може да ја врши функцијата за територијата на една или повеќе општини за кои е установен.

Член 34

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето го именува и разрешува од должност Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по претходно прибавено мислење од Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, од редот на општествено-политичките и други јавни работници, кои го познаваат системот на самоуправувањето.

Член 35

Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето го именува и разрешува од должност собранието на општината, по претходно прибавено мислење од соодветната општинска организација на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ.

За општински општествен правобранител на самоуправувањето може да биде именуван државјанин на СФРЈ, со високо образование кој ги познава проблемите и системот на општествено-економските односи и самоуправувањето и кој е морално-политички подобен за вршење на таа функција.

Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето, установен за две или повеќе општини, се смета за именуван ако го именувале сите собранија на општините што го установиле, а е разрешен од должноста ако го разрешило собранието само на една општина.

Член 36

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето има заменик.

Заменикот на републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето го именува и разрешува од должност Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 37

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето има помошници.

Бројот на помошниците на републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето го утврдува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Помошникот на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето го именува и разрешува од должност Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 38

Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето има заменик.

Заменикот на општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето го именува и разрешува од должност собранието на општината односно собранијата на две или повеќе општини.

Член 39

Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето има помошници.

Бројот на помошниците на општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето го утврдува собранието односно собранијата на две или повеќе општини.

Помошникот на општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето го именува и разрешува од должност собранието односно собранијата на две или повеќе општини.

Член 40

Заменикот на општествениот правобранител на самоуправувањето го заменува општествениот правобранител на самоуправувањето во случај на негова отсутност или спреченост со сите овластувања што ги има.

Помошникот ги врши работите што ќе му ги определи општествениот правобранител на самоуправувањето.

Пред судовите и другите органи, самоуправни организации, заедници и здруженија, помошникот има овластувања што ќе му ги определи општествениот правобранител на самоуправувањето.

Член 41

За условите за именување на заменикот на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето односно за заменикот на општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето важат одредбите од член 34 односно член 35 на овој закон.

За помошник на општествениот правобранител на самоуправувањето може да биде именуван државјанин на СФРЈ, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој е морално-политич-

ки подобен за вршење на таа функција и има потребно искуство во работата.

Член 42

Општествениот правобранител на самоуправувањето и неговиот заменик се именуваат за време од осум години и не можат повторно да бидат именувани на таа функција.

Помошникот на општествениот правобранител на самоуправувањето се именува на четири години и по истекот на тој период може повторно да биде именуван на таа функција.

Член 43

Пред стапувањето на должност општествениот правобранител на самоуправувањето и неговиот заменик дава свечена изјава пред претседателот на собранието во седиштето на соодветната општина односно Собранието на СРМ, која гласи:

„Изјавувам дека должноста на општествен правобранител на самоуправувањето ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се залагам за остварување на општествената заштита на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост, за развој на социјалистичката самоуправна заедница и за остварување на заедничките интереси на работните луѓе и граѓаните на Социјалистичка Република Македонија и Социјалистичка Федеративна Република Југославија и за остварување на општествено-економските и другите самоуправни односи и права на самоуправните организации и заедници и на работните луѓе и дека во својата работа ќе се придржувам за Уставот на СРМ и Уставот на СФРЈ и законите“.

Член 44

Општествениот правобранител на самоуправувањето, неговиот заменик и помошник не можат да бидат делегати на собранието на општината односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија ниту да вршат служба или работа што е несврзлива со нивната функција.

Општествениот правобранител на самоуправувањето, заменикот и помошникот не можат во исто време да вршат функции во државни или во самоуправни органи, ниту функција, служба или работа што се несврзливи со нивните функции.

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето утврдува кои функции, служби и работи се несврзливи со функцијата на општествениот правобранител на самоуправувањето.

Член 45

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето ужива имунитет како и делегатот во Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето имунитет како и делегатот на собранието на општината.

За имунитетските права на општествениот правобранител на самоуправувањето одлучува собранието на соодветната општина односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 46

Општествениот правобранител на самоуправувањето не може да биде повикан на одговорност поради ставот што ќе го заземе во вршењето на својата функција.

Член 47

Општествениот правобранител на самоуправувањето и неговиот заменик и помошник се разрешуваат од должност и пред истекот на времето за кое е именуван во случај:

— ако сам побара да биде разрешен;

— ако биде осуден за кривично дело на казна затвор;

— ако се утврди дека трајно ја загубил работната способност за вршење на својата функција; и

— откако ќе наполни 40 години пензиски стаж (маж) односно 35 години пензиски стаж (жена).

Општествениот правобранител на самоуправувањето, неговиот заменик и помошник, можат да бидат разрешени и пред истекот на времето за кое се именувани, кога во постапката предвидена со закон ќе се утврди нивна морално-политичка неподобност за вршење на таа функција. Во таа постапка за општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето ќе се прибави мислење од републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето, а за заменикот и помошникот мислење од соодветниот општествен правобранител на самоуправувањето.

Предлог за поведување на постапка за разрешување на општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето поради причините од став 2 може да даде републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето, а за заменикот и помошникот, соодветниот општествен правобранител на самоуправувањето.

Одлука за отпочнување поведување на постапката за разрешување поради причините од став 2 по предлог или по своја иницијатива донесува соодветното тело определено со статутот на собранието на општината односно Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Ако против општествениот правобранител на самоуправувањето односно неговиот заменик и помошник е покрената кривична постапка, собранието што го именувало може да одлучи тој да не ја врши должноста до завршувањето на постапката.

Член 48

Ако општествениот правобранител на самоуправувањето односно неговиот заменик и помошник побара да биде разрешен од должност, а собранието на соодветната општина односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија за тоа не донесе одлука во рок од три месеци од денот на поднесувањето на барањето, се смета дека со истекот на тој рок е разрешен од должноста.

Одлука за разрешување од должноста на општествениот правобранител на самоуправувањето, неговиот заменик и помошник, поради морално-политичка неподобност, може да се донесе само ако претходно е спроведена постапка за утврдување на причината за разрешувањето и ако во таа постапка им е овозможено да се изјаснат за причините на разрешувањето.

Член 49

Општествениот правобранител на самоуправувањето, неговиот заменик и помошник што ќе биде разрешен од должноста пред истекот на мандатот поради престанување со работа на општествениот правобранител на самоуправувањето или поради намалување обемот на работа во него, ги задржува сите права од работата и по основ на работата, за време од шест месеци по неговото разрешување од должноста. За тоа време има право на личен доход, доколку претходно не се вработи, во висина на личниот доход што го примал во последниот месец пред разрешувањето од должноста, како и на другите зголемувања на личниот доход и на другите примања, до кои евентуално во тоа време ќе дојде.

Времето од разрешувањето од должноста до повторното вработување, но најдолго до шест месеци, се признава во работен стаж.

Член 50

Републичкиот односно општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето го претставува органот, раководи со неговата работа

и врши други права и должности утврдени со овој или друг републички закон или општ акт на органот.

Член 51

Општествениот правобранител на самоуправувањето има потребен број стручни соработници, кои се дипломирани правници со положен правосуден испит и потребно работно искуство за вршење на тие работи.

За вршење на други стручни, финансиски и административно-технички работи општествениот правобранител на самоуправувањето може да има потребен број стручни и други работници со соодветна стручна подготовка.

Работите од став 1 на овој член можат, врз основа на договор, да ѝ се доверат на соодветната служба на органот на собранието на општината односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 52

Средствата за работа на републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето се обезбедуваат во буџетот на Републиката, а на општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето во буџетот на соодветната општина.

Ако две или повеќе општини имаат заеднички општински општествен правобранител на самоуправувањето спогодбено го утврдуваат учеството на секоја општина во финансирањето на неговата дејност.

Член 53

Надоместокот за вршењето на функцијата републички општествен правобранител на самоуправувањето, неговиот заменик и помошник го определува Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а на општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето, неговиот заменик и помошник собранието на општината што ги именувало, на начин на кој се определува надоместокот за вршење на функција на функционерите што ги избира односно именува собранието.

Член 54

Прописите за самоуправувањето на работните луѓе во органите на управата, за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и за средствата за работа на органите на управата во Социјалистичка Република Македонија, се применуваат и на работниците во работните заедници на општествениот правобранител на самоуправувањето, ако со овој закон поинаку не е определено.

Член 55

Општите акти за меѓусебните односи во работата на работниците на работните места од член 54 на овој закон, како и општите акти за распределба на нивниот личен доход и на средствата за заедничка потрошувачка ги донесува работната заедница во согласност со општествениот правобранител на самоуправувањето.

Член 56

Општествениот правобранител на самоуправувањето, во согласност со актот за систематизација на работните места и со самоуправните општи акти за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, врши распоред на работниците на работните места во службата, односно им доделува определени работи и им дава потребни упатства за работа.

Член 57

Правила за внатрешното работење на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето донесува републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето, по прибавено мислење од работната заедница.

Правилата од став 1 на овој член ќе се донесат во рок од шест месеци по влегувањето во сила на овој закон.

Член 58

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето, по претходно прибавено мислење од општинските општествени правобранители на самоуправувањето ги пропишува:

— правилата за внатрешно работење на општинските општествени правобранители на самоуправувањето;

— начинот на евидентирање на општествените односи и појави во врска со заштитата на самоуправните права на работните луѓе и на општествената сопственост; и

— начинот на собирање и обработка на статистичките податоци.

Член 59

Општествениот правобранител на самоуправувањето има печат кој го содржи грбот на Социјалистичка Република Македонија, називот на општината односно на Социјалистичка Република Македонија, називот на органот и седиштето.

На зградата во која се наоѓаат работните простории на општествениот правобранител на самоуправувањето мора да биде истакнат неговиот назив.

Член 60

Седиштето на републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето е во Скопје, а на општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето во седиштето на општината. Ако две или повеќе општини имаат заеднички општествен правобранител на самоуправувањето, спогодбено го утврдуваат неговото седиште.

Глава IV

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 61

Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето отпочнува со работа во рок од три месеци по влегувањето во сила на законот, а општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето, со денот определен со одлука на собранието на општината, а најдоцна до 31 мај 1976 година.

Собранието на општината односно собранијата на општините што се спогодиле да имаат заеднички општествен правобранител на самоуправувањето ќе го именуваат најдоцна во рок од три месеци по влегувањето во сила на овој закон.

Член 62

Додека се формира работна заедница, актот за систематизација на работните места и решенијата за поставување односно за разрешување на работниците ги донесува општествениот правобранител на самоуправувањето без конкурс.

По приемот на најмалку три работници на работа и по конституирањето на работната заедница ќе се донесат соодветни самоуправни општи акти во рок од три месеци од денот на конституирањето на работната заедница.

Член 63

Додека не се донесат општите акти од член 56 на овој закон, соодветни прашања привремено уредува општествениот правобранител на самоуправувањето.

Член 64

Општествените правобранители на самоуправувањето, именувани пред влегување во сила на овој закон, остануваат на должноста за времето определено во член 42 на овој закон.

Член 65

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

**501.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ОСНОВНИ СУДОВИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Се прогласува Законот за основање на основни судови на здружениот труд, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 декември 1975 година.

Број 06-3460
26 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Претседателството
на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ОСНОВАЊЕ НА ОСНОВНИ СУДОВИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Основни судови на здружениот труд во Социјалистичка Република Македонија се:

1. Основен суд на здружениот труд со седиште во Битола, за подрачјето на општините: Битола, Демир Хисар, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга;

2. Основен суд на здружениот труд со седиште во Скопје, за подрачјето на општините: Валандово, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Македонски Брод, Неготино, Скопје, Тетово и Титов Велес;

3. Основен суд на здружениот труд со седиште во Штип, за подрачјето на општините: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Пробиштип, Свети Николе, Струмица, Радовиш и Штип.

Член 2

Судовите на здружениот труд ќе отпочнат со работа на 1 април 1976 година.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден по денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**502.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ ЗА НЕДВИЖНОСТИ И ПРАВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет за недвижности и права, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 декември 1975 година.

Број 06-3468
26 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Претседателството
на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ И ПРАВА

Член 1

Во Законот за данокот на промет на недвижности и права („Службен весник на СРМ“, број 25/72), во член 2, став 1, точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „правото на надградување, правото на доградување, правото на заедничка градба и правото на користење на недвижности и други права во општествена сопственост“.

Член 2

Во член 3, пред точка 1 се додаваат три нови точки, кои гласат:

„1) кога меѓу општествено-политичките заедници односно нивните органи, организациите на здружениот труд и другите општествени-правни лица со надоместок се врши пренос на правото на користење на недвижност или други права што се во општествена сопственост;

2) кога граѓаните или граѓанските правни лица продаваат земјиште на општествено-политички заедници, земјоделски задруги или организации на здружениот труд што се занимаваат со земјоделска или шумарска дејност односно со производство на семе и садници; и

3) кога се врши замена на стан односно семејна станбена зграда меѓу граѓани во кои тие живеат со своите потесни семејства, кога се врши замена на деловни простории меѓу граѓаните во кои тие вршат самостојни дејности со личен труд и кога се врши замена на земјиште меѓу граѓани на кои земјоделството им е главно занимање. Ако едно од лицата-учесници во замената прима разлика меѓу дадената и примената недвижност, односно ако постои разлика во прометната вредност, должно е да плати данок на промет на недвижности и права на таа разлика“.

Во точка 8, ставот 2 се брише.

Во точка 9, зборовите: „работна организација“ се заменуваат со зборовите: „организација на здружениот труд“.

Досегашната точка 1 станува точка 4, досегашната точка 2 се брише, а точките 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 стануваат точки 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12.

Член 3

Во член 5, став 1, зборовите: „пазаришна цена“ се заменуваат со зборовите: „продажна цена или договорената вредност на надоместокот односно прометната вредност“.

Член 4

По член 5 се додава нов член, кој гласи:

„Член 5-а

Под прометна вредност се подразбира цената на недвижноста односно правото што може да се постигне во слободниот промет во моментот на настанувањето на даночната обврска“.

Член 5

Во член 7 ставот 2 се менува и гласи:

„Ако органот за приходи оцени дека продажната цена односно договорената вредност не одговара на прометната вредност, прометната вредност на недвижноста или правото ја утврдува одделна комисија“.

По став 2 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Комисијата од претходниот став ја формира собранието на општината на седница.

Сопствениците односно корисниците и плодоуживателите на недвижностите се должни да овозможат пристап на земјиштето и објектите на овластените лица за утврдување прометната вредност на недвижноста односно правото“.

Член 6

Во член 9, став 2, зборовите: „по исклучок од претходниот став“ се бришат, а зборовите: „пазаришна цена“ се заменуваат со зборовите: „прометна вредност“.

Член 7

По член 9 се додава нов член, кој гласи:

„Член 9-а

Кога сосопственици пренесуваат идеални делови на сопственост од недвижности, односно идеални делови на право, на еден или повеќе купувачи, за даночна основица се зема вкупната вредност на недвижноста односно правото, а данокот за секој сосопственик се определува сразмерно на идеалните делови“.

Член 8

Во член 10, став 1, последните зборови: „пазаришна цена“ се заменуваат со зборовите: „прометна вредност“.

По став 2 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Стапките на данокот на промет на недвижности и права за земјиште со изграден градежен објект, се определуваат одделно за земјиштето, а одделно за градежниот објект.

Данокот на промет на недвижности и права по повисока стапка не може да биде поголем од данокот според најблиската пониска стапка применета на највисоката основица што ѝ одговара на таа стапка, зголемена за разликата меѓу стварната основица и највисоката основица на која се применува непосредно пониската стапка“.

Член 9

По член 10 се додава нов член, кој гласи:

„Член 10-а

Општините ги усогласуваат стапките на данокот на промет на недвижности и права со склучување на меѓуопштински договор.

Иницијатива за меѓуопштинско договарање покренуваат собранијата на општините, а може да покрене и Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија“.

Член 10

Во член 12 ставот 1 се менува и гласи:

„Даночната обврска настанува во моментот на склучувањето на договорот за продажба, замена на недвижноста или правото односно во моментот на стапувањето во владение на недвижноста.“

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок од претходниот став, доколку за пренос на правото на сопственост на недвижноста односно за пренос на другите права е потребно одобрение или друг правен акт од државен орган, даночната обврска настанува во моментот кога на даночниот обврзник му е соопштено одобрението или правниот акт од тој орган, иако пред тоа е склучен договор“.

Досегашниот став 2 станува став 3.

Член 11

Во член 17, став 3, ред петти, зборовите: „продажна цена“ се заменуваат со зборовите „прометна вредност“.

Член 12

Членот 19 се менува и гласи:

„Даночниот обврзник е должен во рок од 30 дена од денот на добивањето на решението за облог со данок на недвижности и права да го плати обложениот данок.

На износите на данокот што не ќе бидат платени во определениот рок се плаќа камата од 12%.

Член 13

Во член 20 зборовите: „обнова на постапката, враќањето“ се бришат.

Член 14

По член 20 се додаваат пет нови членови, кои гласат:

„Член 20-а

При пренесувањето на права со надоместок од граѓани или граѓански правни лица на општествено-политичката заедница, државен орган, организација на здружениот труд или друга организација, кои не се впишуваат во јавните книги, надоместокот нема да се исплати доколку претходно не биде обложен данок на недвижности и права.

Обложениот данок од претходниот став исплатителот го запира и го уплатува кај Службата на општественото книговодство истовремено со подигањето на готовината за исплата на надоместокот.

Член 20-б

Во постапката за обнова, правосилното решение за данок на промет на недвижности и права може да се измени во рок од 5 години по неговата правосилност, ако дополнително се дознаат факти или докази што не биле познати во времето на облогот со данок.

Ако против решението за облог со данок на промет на недвижности и права била изјавена жалба, обновата на постапката ја одобрува органот што решавал по жалбата.

Измена на решението за облог со данок на недвижности и права во постапката за обнова го врши органот што го донел решението во прв степен.

Член 20-в

Правосилното решение за облог со данок на промет на недвижности и права може да се измени и по службена должност, во рок од 3 години по правосилноста на решението, доколку се утврди дека прописите се неправилно применети во корист или на штета на даночниот обврзник или се утврдат пресметковни грешки.

Член 20-г

Доколку договорот за пренос на недвижноста односно правото биде раскинат по волја на странките пред да биде извршен пренос на сопственоста на купувачот или ако договорот со судска одлука биде поништен по извршениот пренос, даночниот обврзник има право на враќање на платениот данок.

Враќањето на данокот се врши на товар на сметката на која се врши уплата на данокот на промет на недвижности и права. Ако на сметката на данокот на промет на недвижности и права нема или недоволно има средства, враќањето се врши на товар на средствата на буџетот на општината, односно корисникот на приходите од данокот на промет на недвижности и права.

Член 20-д

За наплата на данокот на промет на недвижности и права купувачот на недвижноста односно правото солидарно гарантира со продавачот.

За наплата на данокот на промет на недвижности и права, што се плаќа по пат на запирање (член 20-а) гарантира исплатителот".

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија."

---

**503.**

Врз основа на член 318, став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 декември 1975 година, донесе

# РЕЗОЛУЦИЈА

## ЗА ЕКОНОМСКИОТ И СОЦИЈАЛНИОТ РАЗВОЈ НА СР МАКЕДОНИЈА ВО 1976 ГОДИНА

### ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РАЗВОЈОТ ВО 1975 ГОДИНА

1. Во 1975 година е продолжен процесот на натамошно јакнење на самоуправните социјалистички општествени односи и на уставното преструјување на здружениот труд. Во овие рамки забрзан е процесот на самоуправно спогодување и договарање за прашања од заеднички интерес и за реализација на развојната политика. Преку делегатскиот систем се зајакна непосредното учество на работничката класа и на работните луѓе во управувањето со општествените работи во сите области на активноста.

Зајакната е и активноста на самоуправните интересни заедници во општествените дејности и е остварено поголемо самоуправно поврзување со корисниците на услугите во заедничкото утврдување и усогласување на развојните програми.

2. Напорите на организациите на здружениот труд, преземените мерки и акции за реализација на заедничката политика и широкото ангажирање на сите општествени фактори за определена стабилизација на стопанските текови, во 1975 година, иако во доста сложени услови на стопанисување, придонесоа да се оствари натамошен општествено-економски развој.

За развојот во 1975 година, главно, се карактеристични следните движења:

Општествениот производ во вкупното стопанство се цени дека реално ќе биде зголемен за околу 4,3%. Овој растеж ќе биде постигнат врз зголемувањето на општествениот производ во општествениот и индивидуалниот сектор и врз порастот на производството во сите дејности на стопанството. Индустриското производство, притоа ќе се оствари со мошне умерен пораст, по стапка од околу 2,5%, додека производството во земјоделството во оваа година е осетно зголемено за околу 6%, и позитивно се одразува врз вкупните резултати. Врз овие основи е обезбеден натамошен реален пораст на општествениот производ по жител од околу 2,8% и е достигнато ниво од близу 16.750 динари.

Остварени се и определени позитивни поместувања во структурата на производството во одделни области на стопанството. Во индустријата е зголемено учеството на производството на основните метали од црната и обоената металургија и на производството од прехранбената индустрија, а во земјоделството, покрај зголемувањето на производство на индустриските културни, позитивни поместувања се остварени особено во сточарството.

Вредноста на извозот на стоки се очекува да биде приближно на оствареното ниво во 1974 година, а реалниот обем ќе биде на пониско ниво за околу 10%. Врз ваквите движења во извозот влијаеше опаѓањето на извозот на индустриските производи. За разлика од тоа, извозот на тутун и на производите од аграрниот сектор бележи доста значаен пораст. Врз движењето на извозот, покрај осетното влошување на можностите за пласман на странските пазари, знатно влијание имаше и опаѓањето на цените на светскиот пазар на некои производи, кои имаат значајно место во извозната структура на Републиката.

Кај нестоковните девизни приходи (по основ на туризмот, извршените сообраќајни услуги и градежни работи во странство) се очекува номинален пораст од околу 11%.

Кај увозот на стоки се цени дека ќе биде остварен реален пораст од близу 10%. Тоа доаѓа, пред сè, од увозот на опрема како и од порастот на увозот на репроматеријали.

Со ваквиот пораст на увозот на стоки, при изостанување на очекуваните резултати во извозот, дојде до намалување степенот на покривањето на увозот со извозот на стоки.

За развојот на економските односи со странство од видно значење е оствареното натамошно проширување на финансиската соработка со странство, во кои рамки е интензивирано користењето на странски кредити за развој на стопанството, а се постигнати и други резултати.

Вработувањето во оваа година е остварено, покрај другото, и во услови на релативно висок пораст на лицата што бараат работа, при определено опаѓање на интензитетот на привремено вработување во странство и во услови на зголемен прилив на лицата што се враќаат од привремена работа. Се цени дека бројот на вработените во општествениот сектор во 1975 година ќе достигне просечно ниво од околу 334 илјади лица, што е за околу 6,6% или 21 илјади лица повеќе во споредба со минатата година.

Во услови на опаѓање на интензитетот на стопанскиот растеж и при релативно висок пораст на вработеноста, дојде до смалување на продуктивноста на трудот.

Остварен е натамошен пораст на животниот сандард на населението. Во рамките на тоа е остварен пораст на средствата за лична потрошувачка и е обезбеден континуитет во развојот на општествениот стандард на населението. И покрај високиот растеж на трошоците на животот, одржано е реалното ниво на просечните лични доходи на вработените во општествениот сектор. При услов до крајот на годината да продолжат манифестираните помирни движења во цените и трошоците на животот има основа да се оствари и одреден реален пораст на личните доходи.

Во рамките на издвоените средства за развој на општествениот стандард, позабрзана динамика е остварена кај вложувањата во станбено-комуналната дејност. Тоа е обезбедено со поголемо ангажирање на средствата од населението. Во 1975 година ќе бидат изградени околу 8100 стана.

Во сите општествени дејности е остварен натамошен континуиран развој.

Во областа на образованието, покрај зголемената опфатеност на генерациите кај сите образовни степени, се продолжени позитивните тенденции на преструктуирање на мрежата во основното и средно образование. Наставниот процес во основното и средното образование е остваруван со подобрена квалификациона структура на наставничкиот кадар и проширен училишен простор.

Проширена активност е остварена и во областа на науката, културата, техничката и физичката култура.

Остварено е натамошно подобрување и проширување на здравствената заштита на населението.

Видно е подобрена општествената заштита на децата при што е зголемен бројот на објектите за дневен престој, покачен е обемот на општествената исхрана на децата и се подобрени условите во објектите за одмор и рекреација.

Постигнато е извесно подобрување на стандардот на корисниците на социјалната заштита и определено зголемување на опфатот на лицата кои имаат потреба од социјална заштита.

Инвестиционите вложувања во општествениот сектор ќе бидат остварени на номинално повисоко ниво за околу 28% во однос на минатата година. Оваа позитивна тенденција поволно ќе влијае врз стартот за реализација на предвидувањата со среднорочниот план од 1976 до 1980 година. Во структурата на стопанските инвестиции е зголемено учеството на вложувањата во индустријата. Се цени дека учеството на вложувањата во индустријата ќе достигне околу 66% према 42% во 1974 година. Зголемени се инвестиционите вложувања, пред сè, во гранките што имаат приоритетно место во договорениот развој на ниво на целата земја (во енергетиката, во црната и обоената металургија, во хемиската индустрија и во земјоделството, каде што се остварува широка програма на зафати, врзани со производството на храна). Инвестиционите вложувања, поради кумулирање на проблемите во врска со инфлацијата, беа придружени со покачување на трошоците на градбата. Ова наложуваше посебни напори и преземање на соодветни мерки за надминување на овие проблеми.

И покрај преземените мерки и напори, цените во првите месеци се движеа со тенденции на натамошен релативно висок пораст, а сè повеќе доаѓаше до израз и неусогласеноста на одделни видови на потрошувачка со реалните можности. Ваквата положба ја потенцираше нестабилноста на пазарот, што исто така имаше соодветно влијание врз општите стопански текови. Дојде до пораст на залихите и до заострување на проблемите сврзани со ликвидноста.

При релативно високиот растеж на цените и забавената стопанска активност, трошоците на работењето бележат побрза динамика на пораст од вкупниот приход, што доведе до влошување на економичноста во работењето. Врз оваа состојба одредено влијание сè уште има и високото учество на исправката на финансискиот резултат за ненаплатените побарувања.

Присутни се одделни неповолни тенденции и на подрачјето на распределбата на доходот. Законските и договорените обврски се движат над порастот на општествениот производ. Во интерната распределба на организациите на здружениот труд се издвојува поголем дел за лични доходи, со што е намалена репродуктивната способност на стопанството. Под влијание на трошочната инфлација и другите проблеми, а особено забавената реализација на производството и услугите, кај одреден број организации на здружениот труд се остварени и негативни финансиски резултати — загуби.

Во 1975 година се донесени Основите на заедничката политика за долгорочен развој на Социјалистичка Република Македонија до 1985 година и е утврден Нацртот на општествениот план за општествено-економскиот развој на СР Македонија за периодот од 1976 до 1980 година. Забрзан е процесот на подготвување на самоуправните планови и програми за работа и развој на основните и другите организации на здружениот труд, на самоуправните интересни заедници, месните заедници, општините и на другите самоуправни организации и заедници.

Во оваа година е интензивирана и работата врз системските решенија.

3. Врз широко остваруваната активност и преземените дополнителни мерки за стабилизирање на стопанските текови во последните месеци се остваруваат помирни промени во цените. Врз овие основи може да се очекува во 1976 година да се пренесе релативно помал пораст на цените. Се цени дека во 1976 година кај цените на мало и трошоците на животот во СР Македонија ќе се пренесе повисоко ниво на цените за околу 7 до 8% (према 12—14% во оваа година).

Во наредните години се пренесуваат и мошне сложени проблеми и тенденции во движењата, чие влијание ќе се одразува врз стопанската активност и во 1976 година. При што од посебно значење се отворените прашања во платниот биланс и инфлаторните тенденции.

Динамиката на стопанскиот растеж во оваа година е осетно побавна од очекуваната и од остварениот растеж во минатата година. Таа е со пobaвен интензитет и во споредба со остварените движења во целата земја. При ваква положба, повеќегодишната тенденција на намалување интензитетот на општествениот производ во Републиката во 1975 година се јавува во поизразита форма. Оттаму, неопходноста од пресврт во овие тенденции за Републиката станува сè поголема, како од аспектот на решавањето на тековните проблеми, така и гледано долгорочно.

Извесните индикации во последно време на определено оживување на динамиката на производството, не дозволуваат со поголема сигурност да се заклучи дека врз потрајна основа се формира тенденција на динамизирање на производството. На ова упатуваат и оценките за положбата и развојот на стопанската активност во светот, според кои и натаму, особено во првото полугодие, ќе постојат отежнати услови за пласман. Тргнувајќи од платнобилансната положба на земјата, се цени дека ќе биде доста усложено и обезбедувањето на репроматеријали од увоз.

Со оглед на сè ова, изнаоѓањето на решенија за динамизирање на производството ќе мора да биде посебна преокупација на тековната економска политика и во 1976 година.

Сериозен проблем, кој ќе има повеќекратно влијание врз развојните процеси во идната година, ќе претставува и забавениот процес на покачување на продуктивноста на трудот и другите квалитетни компоненти на развојот.

Влошената материјално-финансиска положба на стопанството исто така се цени дека може неповолно да се одрази врз одржувањето на континуитетот во инвестиционата активност.

Вработувањето и во идната година ќе се остварува во услови на натамошен релативно висок пораст на лицата што ќе бараат работа, при опаѓање на интензитетот на привремено вработување во странство и во услови на зголемено враќање на нашите работници од привремена работа во странство.

Треба да се имаат предвид и промените што ќе настанат со преминот на нов пресметковен систем — заснован врз напуштањето на фактурираната реализација. Промените што ќе настанат со овој систем, а врз основа на кој треба да се обезбеди пореално искажување на доходот за распределба, ќе бараат и соодветни мерки со кои ќе се олесни неговата примена.

Сè ова укажува на тоа дека развојот и во идната година ќе се остварува во сложени услови на стопанисување и под влијание на спротивни тенденции во движењата кои ќе се пренесат во 1976 година. Нивното присуство неодложно упатува на сеопшт активен пристап во барање на решенија и зголемување на напорите за нивно поуспешно надминување.

## ОСНОВИ И РАМКОВНИ МОЖНОСТИ НА ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ ВО 1976 ГОДИНА

### Основни задачи и насоки на политиката на општествено-економскиот развој во 1976 година

1. Заедничката политика за развој што ќе се остварува во целата земја, целите и задачите утврдени во Основите на заедничката политика за долгорочен развој на СР Македонија до 1985 година и оние што ќе се утврдат со Општествениот план за општествено-економски развој на Социјалистичка Република Македонија за периодот од

1976 до 1980 година, како и оценката дека со преминот во идната година се пренесуваат сложени услови на стопанисување, наложуваат тежиштето на политиката за општествено-економскиот развој во 1976 година да биде насочено:

— кон натамошно јакнење на самоуправните социјалистички општествени односи;

— кон динамизирање на производството и на извозот;

— кон остварување на таква распределба на општествениот производ, која ќе обезбеди јакнење на репродуктивната способност на стопанството; и

— кон одржување интензитетот на инвестиционите вложувања во стопанството.

Основна претпоставка за реализирање на утврдените задачи во 1976 година, како стартна година од среднорочниот план, е целосното ангажирање и одговорно однесување на сите носители на општествените права и должности, и активно покренување на работните луѓе во самоуправните организации и заедници, за совладување на проблемите од тековното работење и развивање.

Натамошното развивање на самоуправните социјалистички односи, во согласност со Уставот и конгресните ставови на Сојузот на комунистите, што ќе добие нов поттик со усвојување на Законот на здружениот труд и другите системски закони, претставува една од основните цели во натамошната трансформација на самоуправното социјалистичко општество и во исто време како основен фактор за динамичен, стабилен и хармоничен општествено-економски развој. Наедно, исто такво значење имаат осмислените напори за формирање на современи, ефикасни и оптимализирани организации на здружениот труд и натамошното интензивирање и довршување на процесите на нивното поврзување во сè повисоки облици на здружување на трудот и средствата во репродукциони целини, гранки, групации и дејности, како во материјалното производство така и во општествените дејности. Притоа, сите видови на самоуправното и доходовното здружување на трудот и средствата, треба да се засновуваат врз уставните односи и без отуѓување на доходот од оние што го создаваат.

2. Глобалните правци во реализацијата на политиката на општествено-економскиот развој се насочени кон остварување на економска стабилизација како основен услов за побрз и поусогласен развој на производните сили и за јакнење на конкурентската способност на нашето стопанство во меѓународната поделба на трудот и кон постигање на таков обем и структура на стопански растеж, вклучувајќи го и обемот и структурата на инвестициите, кои ќе овозможат побрза супституција на увозот со домашно производство, подобра регионална насоченост на извозот и ќе придонесуваат дефицитот во платниот биланс во земјата да се задржи на сегашното ниво.

Во согласност со политиката за стабилизација на внатрешните материјални и финансиски текови ќе се остварува таква распределба на општествениот производ, која првенствено ќе ја зајакнува материјалната положба на здружениот труд, а зголемувањето на доходот за лична потрошувачка ќе се врши во функционална зависност од остварениот доход и продуктивноста на трудот. Врз самоуправна основа и со мерките на финансиската политика ќе се обезбедува делот од доходот што се издвојува за општа и заедничка потрошувачка да расте побавно од зголемувањето на општествениот производ и да се напушти антиципираното трошење.

Натамошното покачување на вработеноста, и покрај видниот скок во последните години, а посебно во 1975 година, останува важна задача на економската политика и во 1976 година. Овој континуитет во политиката на вработување ќе се остварува со јакнење улогата на продуктивноста на трудот во порастот на производството и во вршењето на услугите.

Со динамизирањето на стопанскиот растеж и зголемување на продуктивноста на трудот, како и со стабилизацијата на цените и трошоците на животот, ќе се создаваат објективни услови за соодветен реален пораст и на животниот стандард.

Инвестиционите вложувања во стопанството ќе имаат нагласен приоритет во развојната политика и распределбата, како позитивен динамичен и структурен фактор за развојот во 1976 година и за реализација на целите и задачите врз подолгорочна основа.

Со несмален интензитет ќе продолжи остварувањето на развојот на стопанската инфраструктура и политиката на уредување на просторот. Во овие рамки ќе се остваруваат модернизацијата и градбата на сообраќајниците и зголемување на фондот на сообраќајните средства, ќе се продолжи со рударските истражувања на минералните блага, ќе се пошумуваат голините, ќе се развива водостопанството, ќе се докомплетира мрежата за заштита од градобијност и ќе се поддржува изградбата и модернизацијата на патиштата од IV ред.

Ќе продолжат активностите и во зачувувањето на човековата околина од загадување и други штетни последици.

Развојот на општествените дејности ќе се остварува со понагласена ориентација кон интензификација на нивната активност и подигање нивото на стандардот на услугите.

Во образованието со натамошни зафати за зголемување на опфатот на генерациите од предучилишна и училишна возраст, истовремено ќе се вложуваат напори за подобрување на наставата и за постигање на повисока ефикасност во школувањето на сите образовни системи, за квалитетно подобрување на кадровската база во предучилишното, основното, а особено во насоченото образование, за натамошно изградување на новите општествено-економски односи преку рационално конституирање на самоуправните интересни заедници на образованието врз грански принцип, за структурни промени во насоченото образование, преминување кон реализација на насочената фаза во средното образование и за проширување на формите и нивото на ученичкиот и студентскиот стандард.

Во областа на науката истражувањата ќе бидат насочени кон обезбедување на поефикасен технично-технолошки развој како и кон реализација на социјалните и културните цели на развојот на Републиката.

Во културата, техничката и физичката култура ќе се остварува континуиран развој на активноста со нагласена ориентација кон подобрување на квалитетот на активностите во овие дејности. Во идната година приоритет ќе му се даде и на довршувањето на пренесената инвестициона програма од порано.

Во областа на здравството ќе продолжи спроведувањето на задолжителните видови на здравствена заштита на населението, реализацијата на посебните акциони програми за намалување високата смртност на доенчињата и малите деца и за подобрување на хигиенско-епидемиолошката положба во Републиката и ќе се остваруваат други активности за подобрување здравствената заштита на населението.

Во социјалната заштита тежиштето ќе биде насочено кон остварување на поцелосен опфат и покомплексна заштита на корисниците на социјална заштита и подобрување стандардот на корисниците на заштитата.

Во областа на општествената заштита на децата ќе се одржува реалното ниво на детскиот додаток, ќе се проширувaат капацитетите за опфат на што поголем број деца во установите за дневен престој на деца од предучилишна и училишна возраст и ќе се зајакнуваат другите облици на општествена заштита, особено на децата од вработените семејства.

Ќе продолжи да се остварува политиката на побрз развој на недоволно развиените краишта. При ова, напорите на недоволно развиените краишта ќе бидат поддржувани и со посебни мерки. Со оглед на нешто побавните стопански текови во овие подрачја во 1975 година, во споредба со средниот просек во Републиката, во идната година ќе се вложуваат позасилени напори за интензивирање на нивниот развој.

Со остварувањето на предвидениот општествено-економски развој и сите мерки и решенија што ќе се преземаат ќе се обезбеди натамошно јакнење на одбранбената способност на земјата и натамошен развој на системот, организацијата и функционирањето на безбедноста и општествената самозаштита.

Во остварувањето на политиката на развојот на општонародна одбрана тежиштето ќе биде дадено на:

— натамошната доградба и јакнење на системот на општонародната одбрана, особено на јакнењето и осовременувањето на територијалната одбрана, цивилната заштита и другите компоненти на општонародната одбрана,

— во рамките на сите овие напори посебно внимание ќе му се посвети на ангажирањето на месните заедници во целокупните подготовки на општонародната одбрана.

Со системот и политиката на цените ќе се дејствува кон натамошно средување на односите на пазарот и на цените. Тоа ќе се остварува со преземање на соодветни економски мерки, со самоуправно регулирање и со намалување на административните интервенции. Во целост, со политиката на цените ќе се придонесува за натамошна стабилизација на тековите во сите области на производството и потрошувачката.

Кредитно-монетарната политика во основа ќе има стабилизациона насока. Таа ќе биде насочена кон создавање на можности за поттикнување на извозот, на сите здрави динамични текови на материјалното производство и на внатрешната побарувачка, особено на секторот на станбената изградба. Со потрошувачките кредити ќе се поддржува пласманот на производи каде што постои задоволувачка домашна понуда.

Општествено-економскиот развој ќе се остварува со натамошно јакнење функциите на основните организации на здружениот труд и поврзување и здружување на трудот и средствата во рамките на работните организации и пошироките асоцијации и репродукциони комплекси на самоуправното стопанство, како и со натамошно консолидирање на самоуправните интересни заедници во општествените и другите дејности и нивно интегрално поврзување со стопанството.

За остварувањето на развојниот концепт во 1976 година и за стабилизацијата на стопанството позитивно дејство ќе имаат и системските решенија што ќе бидат усвоени до крајот на 1975 и во текот на 1976 година.

### Можен и рамковен развој во 1976 година

Со политиката на општествено-економскиот развој и со економските, општествено-политичките и другите мерки што ќе се преземаат ќе се вложуваат напори да биде остварен следниот рамковен развој:

1. Општествениот производ во вкупното стопанство во 1976 година да се зголеми за околу 7% како долна граница при сега согледаните услови за стопанисување. При претпоставка на поповолни меѓународни економски услови од сегашните и подобрување на реализацијата на стоките на домашниот пазар, ќе се стреми кон остварување и на позасилен растеж. Предвидениот пораст на општествениот производ се потпира, пред сè, врз динамизирање на индустриското производство кое треба да постигне пораст од близу 8%. Од оживувањето динамиката на индустриското производство во голем степен ќе зависи и целокупната активност во Републиката. Покрај тоа, значајно место ќе има и земјоделството и градежништвото, каде што и при покачено ниво на производството и услугите во 1975 година треба да се оствари натамошно зголемување обемот на производството и услугите.

Во напорите за динамизирање на материјалното производство, приоритет особено ќе има покачувањето на:

— производството на електрична енергија;

— производството на црната и обоената металургија, хемиската, металната и електроиндустријата, неметалите, индустријата на градежен материјал и индустријата за преработка на земјоделски производи;

— ширењето на производството на сончоглед, шеќерна репка и памукот, а од житните култури — пченката и оризот;

— зголемувањето на добиточниот фонд и на сточарското производство, посебно на месо и млеко;

— покачување на активноста во градежништвото и градежното и другото занаетчиство.

При очекуваниот тренд на стабилизација на движењата на цените и со реалниот пораст на куповната сила на населението се создаваат основи во 1976 година да се остварува повисок обем на промет на стоки и на туристичкиот промет, што исто така позитивно ќе влијае врз целокупната активност.

2. Извозот на стоки е значаен фактор за стабилизација на производството и за целокупната стопанска активност. Затоа е неопходно во 1976 година да се создаваат услови и да се вложуваат напори да се зголеми реалниот обем на извозот на стоки за близу 11%. Доколку дојде до поосетно подобрување на условите на размената од сега оценетите, извозот би требал да се движи дури и со позабрзан интензитет. На ова упатуваат можностите на извозно ориентираното стопанство, кое реално може да обезбеди и повисоко ниво на извоз од сега утврдените големини, ако за тоа постојат соодветни услови за странските пазари.

Обемот и динамиката на вкупниот извоз ќе се потпира првенствено врз зголемен извоз на индустриските производи. Притоа, во извозните текови и натаму значајно место ќе има извозот на тутунот и производите од аграрниот сектор.

Во регионалната насоченост на извозот значајно место треба да има и ориентацијата за пласман на производите и услугите во соседните земји и земјите во развој.

Увозот на стоки ќе се зголеми за околу 12% и ќе поаѓа од потребите за редовно снабдување на производството и редовна изградба на инвестиционите зафати во Републиката. Тоа претпоставува и поголема рационалност и свртеност кон поголема супституција на одделни суровини, репроматеријали и опрема со домашно производство.

Во развојот на економските односи со странство ќе се вложуваат напори за зголемување обемот и формите на кооперација, зголемување на трансферот на технологијата и знаењата и зголемување на заедничките вложувања на средства во домашните организации на здружениот труд.

3. Тргнувајќи од очекуваниот стопански развој и ориентацијата за зголемување на ефикасноста, вработеноста во општествениот сектор во 1976 година ќе се движи со динамика на растеж најповеќе до 4% и ќе достигне просечно ниво од околу 346 илјади лица. Врз оваа основа најмалку 50% од идниот пораст на производството и услугите во 1976 година ќе треба да се обезбеди врз покачување на продуктивноста на трудот.

4. Во распределбата на општествениот производ и националниот доход ќе се воспоставуваат такви односи, кои треба да доведат до зголемување на учеството на инвестициите во основните фондови во стопанството.

Средствата издвоени за животен стандард ќе се движат со реален пораст од 5,4%, односно со побавна динамика од реалниот пораст на општествениот производ. Во овие рамки средствата за општествен стандард ќе се покачат за околу 6%.

Просечните лични доходи на вработените во општествениот сектор се цени дека реално ќе се зголемат за околу 2%.

Приходите за финансирање на општите и заеднички потреби, земено во целина во Републиката, ќе се движат со номинален пораст од 14,5%, односно до висина на реалниот пораст на општествениот производ и пренесеното ниво на цени од 1975 година.

5. Во развојот на општествените дејности ориентацијата ќе биде кон постигање на следното:

(1) Во образованието, со натамошни зафати за зголемување на опфатот на генерациите од предучилишна и училишна возраст, ќе се овозможи во основното образование и воспитување наставата да ја посетуваат 24 илјади деца во предучилишните установи и 271 илјади деца во основните училишта, околу 66,5 илјади деца во средните училишта и околу 28 илјади редовни студенти на факултетите и вишите школи. Притоа, најголем пораст ќе се оствари во предучилишните установи за 17,0% и кај средното насочено образование за 4,6%.

(2) Во областа на здравството ќе се зголеми бројот на лицата што ќе користат здравствена заштита по основ на работничко осигурување ќе се обезбеди ист обем и видови на задолжителна здравствена заштита на населението, а со реализација на посебната акција за намалување високата смртност на доенчињата и малите деца ќе се настои смртноста на доенчињата да се намали на околу 56 промили.

(3) Во областа на општествената заштита на децата ќе се обезбеди додаток на деца на несмален број корисници, со проширување на капацитетите за дневен престој ќе се овозможи во предучилишните установи да бидат опфатени околу 24 илјади деца од 0 до 6 годишна возраст и со проширување на училишните кујни ќе се овозможи опфат на околу 20 илјади нови корисници и со тоа да се обезбеди општествена исхрана на близу 42% од децата од 7 до 15 годишна возраст.

(4) Во областа на пензиското и инвалидското осигурување, без да се прошируваат правата, ќе се преземаат мерки да се одржи реалната вредност на пензиите и инвалиднините. Се цени дека бројот на корисниците ќе се зголеми за 6,3%.

(5) Развојот на социјалната заштита во 1976 година ќе биде насочен кон натамошно создавање на поповолни материјални и други услови за унапредување на социјалната заштита и установите за социјална заштита. Истовремено за остварување на поцелосна социјална заштита во 1976 година ќе се продолжи со доградувањето на правната основа во областа на социјалната заштита и нејзиното усогласување со новиот уставен систем.

(6) Во 1976 година ќе се обезбеди довршување на преку 8,5 илјади стана и ќе се забрза отпочнувањето на градба на нови станови. Во тие рамки ќе бидат изградени повеќе од илјада стана за солидарна станбена изградба.

(7) Вложувањата во основни фондови во општествениот сектор на стопанството и нестопанството се очекува да бидат зголемени номинално за околу 32%. Притоа, ќе се создаваат услови подинамичен пораст да остварат стопанските инвестиции и да се одржи процесот на преструктуирање на вложувањата првенствено во корист на индустријата. Инвестиционите вложувања во индустријата се цени дека треба да заземаат над 67% од вкупните стопански инвестиции, а заедно со тие во земјоделството над четири петтини.

## РАМКИ И НАСОКИ НА МЕРКИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА

### Активност и мерки на економската политика за динамизирање на материјалното производство

За динамизирање на производството во Републиката од особено значење ќе биде и следното:

(1) Да се создаваат услови за редовно довршување на производните капацитети што се во градба, а се предвидува да се активираат во 1976 година.

Тоа претпоставува поголема ефикасност во изведувањето на инвестициите и одржување на утврдените рокови на градба.

Тоа истовремено бара забрзано надминување и на прашањата од надворешно трговскиот режим што го попречуваат редовното извршување на градбата.

Врз оваа основа во индустријата ќе се активираат неколку позначајни капацитети, меѓу кои: нова печка за ферохром карбуре, со што ќе се прошири производството и асортиманот на феролегури, ПВЦ-комплексот, со што ќе се зголеми потенцијалот со нови 40 илјади тони поливинил хлорид и 10 илјади тони компаунд и гранулат, фабрика за акумулатори, нова предилница за предено од волнен тип, погон за производство на аксминстер-теписи, погон за санитетски материјал, фабрика за конзервиран зеленчук, фабрика за комиње, пивски склад и повеќе други реконструирани и проширени капацитети.

Во овоштарството и лозарството ќе се зголеми бројот на родните овошки за околу 115 илјади стебла, а површината на родни лозја за околу 700 хектари.

(2) Со целосното довршување на доводот на Шарските води и при поволни хидролошки услови, производството на електрична енергија ќе се покачи на 1.370 милиони киловат часови. Тоа ќе биде услов да се обезбеди повеќе електрична енергија од сопствени извори и донекаде да се ублажи недостигот кој ќе мора да се решава во идната година. Сврзано со ова од посебно значење ќе биде да се доврши и далекуводот од 380 КВ — Косово — Скопје — Гевгелија и трафостаницата Скопје 380/110 КВ.

Истовремено, во договор со другите организации на здружениот труд од областа на електростопанството во земјата, ќе се бараат решенија за редовно обезбедување на потребното количество електрична енергија, што се јавува како недостиг.

(3) Развивањето на индустриската кооперација со други организации во земјата и странство ќе зазема позначајно место во општите напори за повисоко искористување на слободните потенцијали и за динамизирање на активноста. Во овие рамки ќе се шират и „лонработите". Тоа особено кога користењето е условено од повисок увоз на репродукциони материјали или од недоволната побарувачка на домашниот пазар.

(4) Растежот на производството во земјоделството претпоставува зголемување на сеидбената површина, пред сè на погодните ораничнi површини. Се цени дека има основа вкупната сеидбена површина да се зголеми за околу 10.000 хектари, од кои околу 6.000 во општествениот сектор и околу 4.000 ха на индивидуалниот посед.

За таа цел организациите на здружениот труд и општинските собранија ќе изработат оперативни планови за активирање на обработливите површини, кои се погодни, а не се користат за производство, и нив ќе ги реализираат.

Организациите на здружениот труд ќе посветат посебно внимание и ќе превземат мерки и за порационално користење и ефектуирање на веќе изградените хидромелиоративни системи, што исто така е предуслов за зголемување на земјоделското производство.

(5) Развојот на сточарството и натаму ќе се поттикнува со примена на определените економски и други мерки. Во тие рамки ќе се продолжи со политиката на заштитни цени на добитокот, волната и млекото, ќе се обезбедуваат премии за определени категории на добитокот и на млекото, ќе се продолжи со создавање резерви на жив добиток во ридско-планинските подрачја, ќе се субвенционира набавката на приплоден добиток итн.

(6) Соодветно внимание и натаму ќе се посветува на развојот на индивидуалното земјоделство. За таа цел ќе се обезбедува кредитирање на инвестициите од нето-приливот на штедните влогови и ќе се врши субвенционирање на разни намени, а посебно за набавка на репродуктивен добиток, за вештачко осеменување, за набавка на квалитетен семенски и саден материјал, за стручна помош на земјоделците и друго.

Во рамките на помошта што му се укажува на индивидуалниот сектор, посебно место и натаму ќе заземаат ридско-планинските и пограничните подрачја и тие ќе имаат приоритет во кредитирањето, субвенционирањето, во стручната помош и друго. Посебен придонес во овој правец ќе претставува и почетокот на реализацијата на Програмата за засновување на вештачки ливади на ерозивни ораници и мелиорирање на ливади и пасишта во ридскопланинските подрачја на СР Македонија за периодот од 1976 — 1980 година, а со цел да се подобри крмната база и да се спречува ерозијата.

Со натамошно јакнење на општествениот сектор како носител на модернизацијата на производството и на социјалистичката преобразба на селото ќе се обезбедува и поцелосно мобилизирање на потенцијалите во индивидуалниот сектор.

Врз таа основа ќе се развива и поттикнува кооперацијата и поголемата соработка на организациите на здружениот труд со индивидуалните земјоделски производители.

Ќе се поттикнува и поинтензивното меѓусебно здружување на индивидуалните производители што ќе овозможи примена на современа техника и други напредни решенија во производството.

(7) Во шумарството ќе се интензивира пошумувањето на голините и подигање на плантажи од брзорасни видови шуми како и обновата, одгледувањето и реконструкцијата на шумскиот фонд, ќе се подобрат шумските комуникации и техничката опременост итн.

(8) Натамошното зголемување обемот на активноста во градежништвото, ќе биде овозможено со одржување на релативно интензивна инвестициона градба во Републиката и со создавање на услови за знатно поголемо ангажирање на градежната оператива надвор од Републиката и во странство.

(9) За забрзување растежот на сообраќајните услуги ќе се вложуваат напори да се обезбеди покачување обемот на превозот на стоки и патници на подолги релации и да се реализира поголем транзит на стоки во железничкиот сообраќај. Во услови на натамошен пораст на производството и на стандардот на населението, како и со поддржување на проширувањето — модернизацијата и автоматизацијата на капацитетите, ќе се создаваат услови за позабрзан пораст на ПТТ услугите, а особено на услугите од телеграфијата и телефонијата.

10. Мерките и напорите за динамизирање на производството и за средување на пазарот и цените ќе влијаат за зголемување на активноста во трговијата и угостителството.

Ова истовремено ќе наложува организациите на здружениот труд од областа на прометот и производството, врз основа на уставните одредби, во поголема мера да воспоставуваат меѓусебни односи кои ќе овозможат заедничко решавање на проблемите на снабдувањето, а во прв ред со земјоделско-прехранбените производи како и решавањето на другите отворени прашања.

11. Натамошниот пораст на туристичкиот промет ќе биде заснован, пред сè, врз подоброто користење на постојните капацитети преку продолжување на туристичката сезона, зголемување на дневниот престој на туристите, зголемување на масовниот туризам и слично, како и врз проширувањето на капацитетите.

Натамошниот пораст на активноста на занаетчиството ќе се засновува врз зголемување на производството и услугите во сите видови. Ова ќе претпоставува да се вложуваат напори за окрупнување, кадровско зајакнување и за натамошна модернизација.

## ПОТТИКНУВАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ДОМАШНИОТ ПАЗАР И ИЗВОЗОТ НА СТОКА

Напрегањата на стопанството за повисока реализација на домашниот и странските пазари и натаму ќе бидат поддржувани со даночни олеснувања и со кредитно-монетарната политика.

Овие мерки ќе се применуваат селективно, при што ќе се поддржува производството за кое постојат реални можности за пласман, кое не е во расчекор со долгорочните правци на развојот, кое ја обезбедува реализацијата на политиката на јакнење на платниот биланс и кое не влијае врз порастот на цените.

а) За динамизирање стапката на пораст на производството и општествениот производ од особено значење ќе биде зголемувањето на извозот. Без соодветен пораст на извозот тешко може да се обезбеди простор за повисоко производство. Ова од причина што при сегашните услови на снабдување со репродукциони материјали од увоз стопанството би се соочило и со непремостливи проблеми во обезбедувањето на потребните суровини.

1. Со цел зголемување на извозот, ќе се преземаат следните економски мерки:

(1) Републиката ќе се залага, со заедничката политика на ниво на целата земја, и натаму да се развиваат постојните и да се воведуваат нови форми и методи за поттикнување извозот на стоки.

Притоа ќе се настои во системот на мерките за поттикнување на извозот да се вклучи и производството на „лон" работи, живинарството, градежните и транспортните услуги, странскиот туризам и воопшто да им се дава приоритет на производите со поголем нето девизен ефект.

(2) Издвоените средства од повисоко остварените приходи за финансирање на општата и заедничката потрошувачка во 1975 година, намените за поттикнување на извозот, доколку не се искористат во целост во 1975 година, ќе се користат за исти намени и во 1976 година до нивното искористување.

(3) Извозот на стоки и услуги ќе биде поттикнуван и со кредитно-монетарната политика.

(4) За постигнување на поусогласени односи во девизниот биланс, Републиката ќе се залага да се задржат постојните, а по потреба да се донесат и нови мерки за привлекување на девизните средства на нашите работници привремено вработени во странство, како и мерки со кои ќе се поттикнува откупот на тие девизи.

2. Во општите настојувања што ќе се прават во целата земја за максимално рационализирање на увозот ќе се подготват конкретни мерки и програми за преориентација и супституирање на увозот со суровини и репродукциони материјали од домашни извори во сите организации на здружениот труд, каде што е тоа објективно можно.

Истовремено ќе се настојува:

(1) Со управни мерки да не се создаваат неосновани пречки за оној дел од увозот на инвестициона опрема и репродукциони материјали кој не може да биде рационално заменет со домашни решенија.

(2) За производство, со кое се супституира увозот, потребниот материјал за репродукција да се увезува под исти услови како да е наменет за извоз (полуфабрикати за црната металургија, цинк-концентрати, хромна руда и друго).

(3) Да не постои ограничување за користење на странски средства (заем и кредити) на организациите на здружениот труд кои можат нив да ги отплатуваат со свои девизни средства и со извоз на стоки и услуги што ги произведуваат, а не ги влошуваат стоковно-паричните биланси на земјата.

3. Резултатите во динамизирањето на извозот во голема мера и пред сè ќе зависат од организациите на здружениот труд и од нивните напори за оспособување на производството според барањата на странските купувачи, од зголемување на конкурентската способност и од натамошно поврзување на организациите на здружениот труд од сферата на производството и прометот, како предуслов за редовно остварување на размената и за остварување на покоординиран и поединствен настап на одделни странски пазари.

б) Со кредитно-монетарната политика на ниво на целата земја и во Републиката, ќе се настојува да се обезбедат такви решенија во регулирањето на количеството на паричната маса, кои ќе придонесуваат кредитно-монетарната политика да биде еден од инструментите за стабилизација на стопанството, за подобрување на платниот биланс и за остварување пораст на производството.

Тоа да се остварува особено преку:

(1) Спроведување на селективна кредитна политика, со што и натаму ќе се обезбедува насочување на средствата во одделни приоритетни задачи во доменот на производството и извозот.

Тоа да се врши за следните намени:

— за кредитирање на работите сврзани со извозот на стоки и услуги, вклучувајќи го и кредитирањето на производството и подготовките на стоките за извоз.

Ќе се настојува по овој основ, по исклучок, да се овозможи користење на кредити и на производствени организации на здружениот труд, чие производство во претежен дел го реализираат на странските пазари, кога поради поголеми коњуктурни промени на пазарот се појавува застој во реализацијата,

— за кредитирање на производството и залихите на одредени земјоделски производи и гоење на добиток,

— за насочување на увозот на стоки од земјите во развој и од одредени валутни подрачја,

— за продажба на домашна опрема во земјата на кредит по пат на кредитирање на побарувањата што стасуваат или по пат на кредити врз основа на есконтни меници,

— за продажба на стоки од потрајна вредност во земјата на кредити, и

— од средствата со кои ќе располага Народната банка на Македонија ќе се поддржува кредитирањето на стоковните резерви во Републиката.

(2) Извршниот совет на Собранието и неговите органи, Народната банка на Македонија и деловните банки ќе настојуваат во основа да се задржат досегашните услови за реесконтирање при Народната банка на СФРЈ, посебно каматните стапки за кредитите за договорените намени да бидат пониски од каматните стапки по кредитите што ќе се обезбедуваат за тековната ликвидност на деловните банки.

(3) Во градењето и остварувањето на квантитативното и квалитативното регулирање на паричната маса и во остварувањето на ефикасноста на кредитно-монетарната политика ќе одлучува здружениот труд.

(4) Извршниот совет на Собранието и неговите органи ќе се залагаат деловните банки да обезбедат поактивен однос во согледувањето на реалните потреби од средства на одделни организации на здружениот труд и истовремено да вградуваат поизострени критериуми во случаи кога дополнителните средства се користат за чување на залихи кои за процесот на производството не се потребни во таков обем, како и за друго, со цел да се оствари поголем доход и слично.

## АКТИВНОСТ И МЕРКИ НА ЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА НА ЈАКНЕЊЕ НА РЕПРОДУКТИВНАТА СПОСОБНОСТ НА СТОПАНСТВОТО

Политиката на јакнење на конкурентната и репродуктивната способност на стопанството за 1976 година има поизразито значење, зашто од резултатите на овој план ќе зависат и другите текови во развојот.

1. Зголемувањето на личната, општата и заедничката потрошувачка е неопходно да се врши во функционална зависност од остварениот доход и продуктивноста на трудот.

За таа цел ќе биде неопходно:

(1) Да се обезбеди таква распределба на општествениот производ со која пред сè, ќе јакне акумулацијата на здружениот труд.

(2) Да се оствари порационално користење на средствата, покачување на продуктивноста на трудот, штедење и отстранување на субјективните слабости во стопанисувањето, што сè заедно да доведе до намалување на трошоците на производството и до побавен пораст на цените.

(3) Републиката ќе се залага и ќе го поддржува преземањето на соодветни мерки со кои ќе се олесни преминувањето на новиот систем на искажување на остварениот доход со премин од фактурирана на наплатена реализација.

(4) Средствата наменети за финансирање на општите и заедничките потреби во Републиката во целина треба да се движат најмногу до висината на реалниот пораст на општествениот производ и пренесеното ниво на цените од минатата година, за Југославија во целина, односно да се зголемат номинално до 14,5% во споредба со договореното ниво во 1975 година.

Вака глобално утврдениот номинален пораст на средствата за општа и заедничка потрошувачка може да се зголеми до висина на 60% од разликата меѓу пренесеното ниво на цените од 1975 година и остварениот пораст на цените во 1976 година вкупно за Југославија.

Во овие рамки, преку политика на диференцирана динамика на порастот на средствата е неопходно да се обезбеди побрз пораст на средствата за образование, социјална заштита, општествена заштита на децата и валоризација на трошоците за боледување, за породилно отсуство и на другите надоместоци.

Движењето на средствата на општата и заедничката потрошувачка, по намени и корисници на средствата, поблиску ќе треба да се уреди со општествен договор меѓу Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, општинските собранија и другите корисници на средствата.

Пензиите и инвалиднините, установените права на борците, на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци, ќе се усогласуваат според постојните важечки прописи.

Ограничувањето на порастот на средствата за општа и заедничка потрошувачка од став 1 на оваа потточка не се однесува на средствата што населението ги издвојува за финансирање на општествените дејности (самодоприноси и партиципации), на средствата од придонесите за станбена изградба, на средствата од придонесите (надоместокот) за користење на градското земјиште, на средствата од придонесите наменети за пензиско-инвалидското осигурување, на средствата наменети за развојни програми на општонародната одбрана, за солидарно отстранување на последиците од елементарни непогоди и за солидарност на меѓународен план, на средствата за патишта и водостопанството, на дополнителните средства за буџе-

тите и на средствата што се издвојуваат за финансирање на потребите на федерацијата.

(5) За да се спречи антиципирањето на потрошувачката, ќе се прилагодат и инструментите за алиментирање на средствата за општата и заедничката потрошувачка, со основна насока да се напушти сегашниот систем на автоматизам во алиментирањето и да се премине на финансирање на програми за работа и развој.

Согласно со политиката утврдена во оваа Резолуција сите корисници на средства за општа и заедничка потрошувачка во почетокот на 1976 година ќе направат и ќе утврдат свои биланси на средствата на единствен начин и по методологија која ќе биде определена со сојузни прописи. Утврдените биланси ќе се разработат по квартали за да може Службата на општественото книговодство континуирано да врши контрола на остварувањето на договорената политика за општата и заедничката потрошувачка.

(6) Во 1976 година ќе престане обврската за плаќање на придонес за Босанска Краина.

7. Редовно ќе се следат движењата на договорените обврски и по потреба ќе се преземат неопходни мерки со цел тие да се движат во границите на предвидувањата.

2. Врз помирните промени на цените во последните месеци се очекува дека во 1976 година ќе се пренесе релативно пониско ниво на порастот на цените. Согледувањата за можните движења на цените на светскиот пазар исто така укажуваат дека треба да се очекува ублажување на интензитетот и на меѓународната инфлација.

Меѓутоа, за да се зацврсти и продолжи остварувањето на појавената позитивна тенденција врз потрајна основа, ќе се преземат натамошни мерки и ќе се вложуваат сеопшти напори за средување на односите на пазарот и за смалување стапката на инфлацијата што треба да доведе до побавен пораст на трошоците за репродукција.

Во оваа насока ќе се настојува и ќе се преземаат следните мерки:

(1) Политиката на цените во 1976 година да се спроведува во рамките и на начин што ќе се утврди со меѓурепубличкиот договор, кој ќе се донесе во почетокот на 1976 година.

Политиката на цените, која е во надлежност на Републиката и општините, ќе се спроведува врз меѓуопштински договор што ќе биде донесен во рок од еден месец од донесувањето на договорот на републиките и покраините за спроведување политиката на цените во 1976 година.

Сврзано со ова надлежните органи во Републиката ќе ја следат положбата и по потреба ќе преземат мерки порастот на цените да не се движи над договорените рамки. Истовремено со мерки на акции ќе се поддржува процесот за смирување растежот на цените.

(2) Ќе се настојува да не се вршат промени во увозниот режим и во кредитниот систем, кои за одделни производи можат да значат повидно менување или влошување на условите за стопанисување, и кое неповолно ќе се одразува врз цените и репродуктивната способност на стопанството.

(3) Основ за утврдување и реализација на политиката на цените ќе претставуваат самоуправните спогодби и општествените договори, при што здружениот труд порешително да ги користи предвидените права и обврски со Уставот.

(4) Во политиката на цените во 1976 година да се задржи режимот на заштитни цени и премирањето на земјоделските производи кои се од општ интерес.

Исто така ќе се настојува и натаму да се задржи регресирањето на вештачките ѓубриња.

(5) Општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници да водат политика за задржување и смалување на постојното ниво на стапките на даноците и придонесите и да водат политика на воздржување од воведување на нови обврски.

3. Очекуваниот стопански растеж, и при предвидената порационална распределба на доходот, создава услови за натамошно реално зголемување на животниот стандард. Во 1976 година кај цените на мало и трошоците на животот ќе се пренесе релативно пониско ниво на порастот на цените (околу 7—8% према 12—14% во оваа година), што исто така ќе има одредено значење.

За реализација на политиката за реално покачување на животниот стандард и натаму ќе се преземат мерки за стабилизација на трошоците на животот. Тоа ќе се остварува со подобрување снабденоста на пазарите со земјоделски прехранбени производи, ќе се унапредува прометот со овие производи и ќе се пристапи кон формирање на републички стоковни резерви.

Во 1976 година ќе се настојува да се овозможи слободно формирање на маржите за лесно расипливите земјоделско-прехранбени производи.

## АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ПОКАЧУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНОСТА

Вработувањето треба да се остварува до граници кои не ги намалуваат напорите за подигање продуктивноста на трудот, со што треба да се надминат неповолните тенденции што дојдоа до израз во последно време. Поради тоа, вработувањето на стручните кадри кои му се потребни на стопанството ќе стане понагласена и смислена ориентација во Републиката, но со едновремени напори тоа да обезбеди и зголемување на ефикасноста на стопанисувањето.

Во разрешувањето и надминувањето на проблемите на ова подрачје и натаму ќе се продолжи со примена на посебни мерки, особено за развојот на терцијарните дејности и сите други дејности врз база на личен труд.

Во тие рамки:

(1) Ќе продолжи со несмален интензитет политиката на вработување на приправници според утврдените норми со Законот за прием на приправници. По овој основ се цени дека би требало да бидат вработени близу 4,5 илјади приправници.

(2) Ќе продолжи стручното оспособување и преквалификување на невработените, а пред сè на дефицитарните кадри.

(3) Ќе се забрза одобрување на нови кредити за инвестициони зафати што имаат работно-интензивен карактер.

(4) Со меѓурепублички покраински договор ќе се усогласува даночната политика и мерките за создавање на услови за поголемо ангажирање на средствата на граѓаните за развој на дејностите врз основа на личен труд посебно во земјоделството, занаетчиството и во другите дејности.

(5) Ќе се настојува да се создаваат услови за поинтензивно поврзување на општествениот сектор на стопанството со дејностите со личен труд преку кооперација и други форми на соработка. Во оваа насока посебно ќе придонесе кредитирањето на индивидуалното земјоделство во кооперација со општествените стопанства.

(6) Привременото вработување во странство ќе се остварува преку поголемо ангажирање на градежништвото во странство, преку деловна и техничка соработка со странските партнери за создавање на услови за поголемо производство и вработеност во земјата и слично.

## МЕРКИ НА ПОЛИТИКАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ВЛОЖУВАЊА

Инвестициите што се во тек и што ќе се пренесат во 1976 година претставуваат реална основа врз која може да се оствари повисоко реално ниво на вложувања и тоа позитивно ќе влијае врз развојот на основните фондови во Републиката. Ова е толку позначајно што се тие претежно од областа на стопанството и што придонесуваат за преструктуирање на стопанството.

Тргнувајќи од ова, во областа на инвестиционите вложувања ќе се остварува политика која ќе овозможи стопанските инвестиции да растат побрзо од нестопанските инвестиции, при што приоритет ќе имаат инвестиционите вложувања што се започнати и што треба да бидат завршени во блиска иднина и модернизацијата.

Тоа претпоставува да се покачи учеството со издвојување на средства од организациите на здружениот труд во корист на инвестициите во основни фондови и да се обезбеди поголем обем на средствата преку деловните банки и Фондот на федерацијата за кредитирање побрзиот развој на недоволно развиените републики и покраини и од странство.

При нестопанските инвестиции побрз пораст ќе бележат инвестициите во станбената изградба.

За реализација на задачите утврдени со оваа Резолуција, ќе се остваруваат следните насоки и мерки:

1. Средствата што Социјалистичка Република Македонија ќе ги добие од Фондот на федерацијата за кредитирање побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и покраини во 1976 година ќе бидат користени за:

а) Довршување и изградба на: електроизвори и напонска мрежа и другите инвестиции во тек, во чие кредитирање се ангажирани и средства на Фондот на федерацијата, за учество во кредитирањето на инвестициите од работоинтензивен карактер и за обезбедување на средства на Фондот за кредитирање побрзиот развој на недоволно развиените краишта во Републиката.

Од вкупниот прилив на средства на Фондот на федерацијата:

— 5% ќе се насочат за учество во кредитирањето на инвестициите од работоинтезивен карактер, од кој износ 40% ќе се користат за инвестициони вложувања во недоволно развиените и пограничните краишта и

— ќе се насочат средства во Републичкиот фонд за кредитирање побрзиот развој на недоволно развиените краишта во висина на делот на потребното учество што Фондот треба да го обезбеди за новите кредити што ќе бидат одобрени во 1976 година.

б) Другиот слободен дел на средствата ќе се користат за кредитирање развојот на индустријата, земјоделството, за доградба и изградба на мелиоративни системи, шумарство, железничкиот и воздушниот сообраќај, одделни намени[1]) во трговијата, за рударски истражувања, за развој на туризмот, за развој на занаетчиството и комуналното стопанство и развој на средствата за информации.

в) Средствата на Фондот на федерацијата ќе се користат при инвестициите во градба според условите по донесените одлуки и за учество во кредитирањето на други инвестициони зафати, за кои инвеститорите претходно обезбедиле конструкција на кредитирање од сопствени и други извори на средства.

При ова:

(1) износот на кредитот од средствата на Фондот на федерацијата ќе изнесува најповеќе 25% од пресметковната вредност на инвестицијата;

(2) износот на кредитот од средствата на Фондот ќе изнесува до 35% од пресметковната вредност во случај кога:

— инвестиционите вложувања се сврзани со финализација на металите и неметалите, градежните материјали, со развојот на металната индустрија, електроиндустријата, хемиската индустрија, индустриската преработка на земјоделски производи и туризмот;

— инвестициите се остваруваат надвор од потесната локација и подрачје на инвеститорот (дисперзија на погони и слично); и

— кога инвестициите се остваруваат со учество и на Меѓународната банка за обнова и развој и други соодветни кредитни институции од странство.

(3) Износот на кредитот од средствата на Фондот ќе може да изнесува до 40% од пресметковната вредност кога се однесува на вложувања кои се остваруваат во недоволно развиените краишта во Републиката.

г) Право на користење на средствата на Фондот на Федерацијата под исти услови ќе имаат организациите на здружениот труд од СР Македонија и другите републики и покраини во земјата кога градат капацитети во СР Македонија.

2. Извршниот совет на Собранието и органите на управата ќе се залагаат и во наредната година да се обезбеди договор со Меѓународната банка за обнова и развој за постоење на кредитни линии за инвестиции во индустријата и земјоделството и за кредитирање на други зафати.

Републиката, по потреба, ќе дава гаранција за користење на странски кредити и заеми.

За стимулација на заедничките вложувања со странски партнери, Републиката ќе спроведува политика на даночни и други олеснувања.

3. Во 1976 година ќе почне да се применува Општествениот договор за здружување на средствата за изградба на електроенергетски објекти во СР Македонија и Законот за здружување на дел од средствата на општествената репродукција врз кои ќе се формираат средства за изградба на електроенергетски објекти во Републиката.

4. Од средствата на Републиката за инвестиции во стопанството (дел задржан за одделни намени), од средствата на Републичкиот буџет и од други средства на Републиката ќе се обезбедат средства за реализација на програмите за:

| | | во милиони динари |
|---|---|---|
| — рударски истражувања | до | 30 |
| — пошумување на голините | до | 14 |
| — изградба на основните објекти во мелиоративните системи | до | 30 |
| — уредување на пороите и речните корита | до | 20 |
| — докомплетирање на мрежата за заштита од градобијноста | до | 2 |
| — изградба, модернизација и реконструкција на патиштата од I, II и III ред | до | 250 |
| — изградба и модернизација на патиштата од IV ред | до | 10 |
| — засновување на вештачки ливади на ерозивни ораници и мелиорирање на ливади и пасишта во ридско планинските подрачја | до | 2 |

За обезбедување на предвидените средства за изградба, модернизација и реконструкција на патната мрежа од I, II и III ред, Републиката и во 1976 година од остварените приходи од основниот данок на промет (наплатени по тарифниот број 2 од тарифите на основниот данок на промет) со Закон и натаму ќе издвојува средства во износ од 16% на сметка на Советот за изградба, одржување и реконструкција на патиштата, а за реализација на финансиската програма.

5. Дел од прирастот на средствата на штедните влогови при поштенската штедилница ќе се насочи за набавка на товарни вагони и за реализација на програмата за развој на Поштенско-телеграфско-телефонското претпријатие.

6. Во 1976 година од Републичкиот буџет ќе се обезбедат средства за изградба на објекти од областа на нестопанството што се од поширок интерес, а во кои со свои средства досега учествувала и Републиката. Притоа, со оглед на билансните проблеми, приоритет ќе им се даде на објектите што се во градба и пред довршување. Досега утврдениот, а непотрошениот износ на учеството на Републиката, ќе се валоризира, за пораст на цените на градбата.

За оваа цел ќе се ангажираат средства до 150 милиони динари. Намените и износите по објек-

тите ќе бидат утврдени со посебен закон најдоцна до крајот на март 1976 година.

Во границите на билансните можности, Републиката ќе се ангажира, во вид на учество, во кредитирањето и на дел од новите инвестициони зафати за кои постои потреба, а кои ќе бидат утврдени со општествениот план, но не повеќе од 10% од утврдениот износ.

7. Во 1976 година, раководејќи се од движењата во инвестициите, ќе се вложуваат напори за селективно ослободување од обврската за депозит на инвестициите во некои нестопански дејности и за одделни групации во областа на прометот.

## АКТИВНОСТ И МЕРКИ ЗА РАЗВОЈ НА СТАНБЕНО-КОМУНАЛНИТЕ ФОНДОВИ, УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА

1. Меѓу мерките за забрзано изведување на станбено-комуналната изградба, ќе се презема следното:

(1) Со заедничка акција на здружениот труд, општините и самоуправните интересни заедници за станување ќе се утврдат програмите за насочена станбена изградба за 1976 година.

(2) За остварување на предвидената станбена изградба, покрај издвојувањето на средства од организациите на здружениот труд со намена за станбена изградба, ќе се забрза користењето на веќе издвоените средства при интересните заедници за станување и ќе се вложуваат напори за порационално користење на банкарските и другите општествени средства. Истовремено тоа ќе се остварува и врз поголемо ангажирање на средствата на населението.

Во контекстот на реализацијата на политиката на станбената изградба неопходно е општините да ја забрзаат изградбата на засолништата согласно со утврдените програми и расположливите средства.

3) Банките, во соработка со самоуправните интересни заедници за станување, ќе го разработат кредитниот механизам за ангажирање на средства од сите можни извори. При тоа, со кредитната политика и други мерки, особено во градовите и индустриските центри, приоритет ќе му се даде на динамизирањето на колективната насочена изградба.

4) За редовно извршување на задачите во станбената изградба од значење ќе биде да се обезбеди и поголема стабилизација на цените на градбата. Заради тоа, општинските собранија не ќе треба да воведуваат нови давачки што го оптоваруваат станот.

Со општествениот договор и со прописите што ќе се донесат треба да се обезбеди ориентација за договарање на роковите на градбата и на фиксни цени во градежништвото, како и услови под кои цените можат, по исклучок, да се менуваат.

Релативно ќе се намалат трошоците на градбата и на уредувањето на земјиштето и сите давачки што ја оптоваруваат цената на станот. Општествено-политичките заедници ќе обезбедат поефикасна општествена контрола над овие оптоварувања, со ориентација дел од овие давачки позначајно да се намалат таму каде што се неоправдано високи.

5) Комуналната изградба во 1976 година ќе се развива со поинтензивна динамика на порастот.

Развојот на комуналните фондови, посебно на проширувањето на водоводната и канализационата мрежа, ќе биде поддржуван и со кредити од Фондот на федерацијата за кредитирање побрзиот развој на недоволно развиените републики и покраини, што ќе овозможи поповолни општи услови за развој во оваа дејност.

Ќе се вложуваат напори со самоуправни спогодби на банките дел од прирастот на штедните влогови при деловните банки да се насочува за кредитирање развојот на комуналните дејности, вклучувајќи ги и основните објекти на општествениот стандард.

За оваа цел општинските собранија би требало да ги испитаат можностите и да изнајдат решенија за користење на овие средства.

2. Ќе продолжи изготвувањето и на просторниот план на Републиката со кој ќе се дефинираат основните параметри за организација, интеграција и уредување на просторот. При ова:

1) ќе продолжи ангажирањето во совладувањето на стихијната урбанизација,

2) ќе се вложуваат напори за поголема и побрза преобразба на помалите населени места со посебна грижа за живот и работа на село, а особено во населбите кои покажуваат тенденција на развој и

3) ќе треба континуирано да се создаваат услови за планска станбена изградба со што се придонесува за оневозможување на бесправната градба, со истовремено преземање на посебни мерки за нејзиното спречување. Ова претпоставува и изработка и донесување на урбанистички планови.

3. Во 1976 година ќе се обезбеди многу поголема ангажираност во спроведувањето на законските одредби за спречување и отстранување на жариштата што ја загадуваат човековата околина. Притоа ќе се инсистира на подобро користење на постојните уреди за заштита, унапредување на системот на следење и информирање на загаденоста, пошумување на голините и на непосредната околина на организациите на здружениот труд и населените места и друго.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА НА ПОРАМНОМЕРЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКАТА И ЗА ПОБРЗ РАЗВОЈ НА НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА

1. Со остварувањето на предвидената концепција на развојот во 1976 година се обезбедува позабрзан развој на сите делови на Републиката. За тоа ќе придонесе особено предвидената производствена ориентација и ориентацијата кон понагласена примена на начелото на порамномерно разместување на современите и ефикасни производни капацитети и општествени служби, како поширок општествен интерес и рационалност за смирување на процесот на миграцијата и негативните реперкусии од неа, како и за остварување и на други поопшироки општествени интереси и потреби во развојот на општеството.

За оваа политика ќе придонесат мерките за начинот на користење на средствата на Фондот на федерацијата и повеќе други предвидени мерки на економската политика. При користењето на средствата од Фондот на федерацијата ќе им се дава приоритет на инвестиционите зафати што се остваруваат надвор од потесната локација и подрачја што ги инвестираат (дисперзираните погони).

2. Во недоволно развиените краишта во идната година се пренесува значајна програма на инвестициони зафати во тек. Оттаму, за остварувањето на политиката на побрз развој, од особено значење ќе биде да се интензивираат активностите за реализирање на овие зафати и да се обезбеди нивно навремено активирање.

Истовремено ќе треба да продолжи континуитетот во одобрување на нови инвестициони зафати. Посебно значајно е да продолжи натамошно деловно поврзување на стопанството, продолжување на процесот на дисперзија и изградба на производствени погони од поразвиените во недоволно развиените краишта.

Освен тоа напорите за недоволно развиените краишта ќе бидат поддржувани и со посебни мерки:

— во рамките на општите услови за кредитирање со средствата на Фондот на федерацијата, инвестиционите зафати во недоволно развиените краишта ќе се поддржуваат со релативно поголемо учество во конструкцијата на кредитирањето,

— стопанството од недоволно развиените краишта ќе има приоритет во користењето на средствата што ќе бидат насочени за кредитирање на инвестиционите зафати од работно-интензивен карактер,

— од средствата што ќе се добијат од Фондот на федерацијата, на Републичкиот фонд за кредитирање побрзиот развиток на недоволно развиените краишта ќе му бидат обезбедени средства во висина на делот на потребното учество во новите кредити што ќе бидат одобрени во 1976 година,

— на Републичкиот фонд ќе му бидат доделени од Републичкиот буџет 10 милиони динари, со намена за поддржување на определени зафати, особено за модернизација и реконструкција на патиштата од IV ред, изградба на водоводи во селски населби, за изградба на училишен простор во основното образование, за амбулантно-поликлиничките објекти и друго.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТАТА И ЗАЕДНИЧКАТА ПОТРОШУВАЧКА

1. Општествените дејности во 1976 година ќе ја остваруваат својата активност во рамките на интересите и можностите на самоуправните интересни заедници сходно со уставните права и обврски за создавање на услови за остварување на нивната дејност.

При ова:

(1) Дел од потребните средства за финансирање на редовната дејност во насочено образование, културата, физичката култура и социјалната заштита ќе се обезбеди преку покачување на стапките на придонесот, а соодветно на тоа ќе се намали стапката на републичкиот данок на доход.

(2) Од Републичкиот буџет ќе се издвојат средства за финансирање на одделни облици на инвалидска заштита и други инвалидски додатоци, средства за материјално обезбедување на учесниците во НОБ и средства за боречки додатоци.

(3) Од републичкиот буџет ќе се обезбедат средства за покривање на дел од трошоците за задолжителните видови на здравствената заштита на населението, дел од трошоците за превентивна здравствена заштита на населението, за трошоците за здравствена заштита на учесниците во НОБ и дел од потребните средства за спроведување на програмата за намалување смртноста на доенчињата и програмата за подобрување на санитарно-хигиенската положба во Републиката.

2. Ќе се продолжи со изградба и опремување на објектите од правосудството. За оваа цел ќе ќе се намени дел од средствата од судските такси.

3. Од средствата на Републиката ќе се обезбеди дел од потребните средства за подготвување на Просторниот план на СР Македонија.

4. Од републичкиот буџет ќе се обезбедат средства за забрзано решавање на прашањата од областа на општонародната одбрана, безбедноста и општествената самозаштита.

5. Ќе се обезбеди работен простор, опремување и модернизација на органите на републичката управа и ќе се решаваат станбените прашања.

* * *

За поуспешна реализација на основите на политиката на општествено-економскиот развој на Социјалистичка Република Македонија во 1976 година е неопходно да се донесат и плановите и програмите за работа и развој на организациите на здружениот труд, самоуправните интересни заедници и на општествено-политичките заедници.

Од интерес е да се забрза и донесувањето на системските решенија и на мерките што се засновуваат врз нив. Тоа е неопходно за навремено согледување на општите услови на стопанисување на организациите на здружениот труд и за прилагодување на нивната активност кон таквите решенија.

Неопходно е што поскоро да се оформат и репродукционите комплекси како услов за поефикасно решавање на заедничките работи, преземање на некои подрачја од државната регулатива и за активното учество во градењето на другите прашања што ќе останат во надлежност на општествено-политичката заедница.

Извршниот совет на Собранието ќе ја следи и ќе презема мерки за реализацијата на политиката за општествено-економски развој утврден со оваа Резолуција и повремено за тоа ќе го известува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Успешно остварување на развојната политика претпоставува да продолжи со несмален интензитет и широката општествена активност на планот на економската стабилизација и за остварување на заеднички договорени задачи на развојот.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-3449
29 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Блашко Јаневски,** с.р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**504.**

Врз основа на член 318, став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 14 од Законот за судовите на здружениот труд, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ БРОЈОТ НА СУДИИТЕ ВО СУДОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

I

Бројот на судиите во судовите на здружениот труд, во Социјалистичка Република Македонија, вклучувајќи го и претседателот на судот, се определува и тоа:

1. во Судот на здружениот труд на Македонија:
   а) постојани судии — 6,
   б) повремени судии — 90;
2. во Основниот суд на здружениот труд со седиште во Битола:
   а) постојани судии — 3,
   б) повремени судии — 90;
3. во Основниот суд на здружениот труд со седиште во Скопје:
   а) постојани судии — 3,
   б) повремени судии — 130;
4. во Основниот суд на здружениот труд со седиште во Штип:
   а) постојани судии — 3,
   б) повремени судии — 70.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-3470
26 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

---

**505.**

Врз основа на член 318, став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 13, став 2 од Законот за органите за водење на постапка по прекршоците, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ БРОЈОТ НА СУДИИТЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕКРШОЦИ

I

Републичкиот совет за прекршоци има претседател и 8 судии.

II

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување бројот на судиите и судиите — поротници на Републичкиот совет за прекршоци („Службен весник на СРМ" број 29/65).

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-3471
26 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

---

**506.**

Врз основа на член 339 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со член 24, став 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на образованието („Службен весник на СРМ" број 5/74 и 48/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 26 декември 1975 година и на седницата на Собранието на Републичката заедница на образованието, одржана на 23 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РЕПУБЛИЧКИОТ СТАНДАРД ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Републичкиот стандард за задолжителното основно образование се утврдува во висина од 3.000 (триилјади) динари по ученик за 1967 година.

Утврдениот износ по ученик од претходниот став се зголемува:

— за учениците во училиштата во кои наставата се изведува и на јазиците на народностите за 5% само за бројот на учениците од народностите, и

— за учениците во специјалните основни училишта за 10%.

Член 2

Ако утврдениот стандард од претходниот член на оваа одлука ги зголемува обврските за повеќе од 20% во однос на обезбедените средства од сите извори во 1975 година, Собранието на општината може да пропише намален износ на стандардот до 20%.

Доколку и во услови на намален износ на стандардот за 20%, и се зголемуваат обврските на општината за повеќе од 20% во однос на претходната година, таа разлика на средствата и се обезбедува од Републичкиот буџет во вид на наменски дополнителни средства.

Член 3

Утврдениот републички стандард се валоризира секоја година согласно со предвидувањата со Резолуцијата за општествено-економскиот развој на СР Македонија за таа година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1. I. 1976 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-3451
29 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Собранието на Републичката заедница на образованието,
проф. **Димче Левков,** с. р.

---

**507.**

Врз основа на член 37, став 2 од Законот за општествениот правобранител на самоуправувањето („Службен весник на СРМ" бр. 47/75), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на ден 26 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ БРОЈОТ НА ПОМОШНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОПШТЕСТВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО

I

Бројот на помошниците на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето се утврдува на три.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-3452
29 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски**, с. р.

**508.**

Врз основа на член 236 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор одржани на 26 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ФОРМИРАЊЕ ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА НА СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ИНВАЛИДИТЕ ОД ВОЈНАТА

1. Се формира Заедничка комисија на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ за прашања на борците и инвалидите од војната (Комисија за прашањата на борците и инвалидите од војната) со задача:

а) да ги следи и проучува социјално-економските проблеми и прашања на борците и инвалидите од војната,

б) да го следи и анализира остварувањето на правата на борците и на инвалидите од војната што ги регулира Републиката, како и правата што се регулираат во општините, организациите на здружениот труд, интересните заедници и предлага мерки за подобрување и усовршување заштитата на борците и инвалидите од војната,

в) да им предлага на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ донесување на закони и преземање на други мерки за обезбедување на услови за остварување на општествената заштита на борците и инвалидите од војната,

г) да дава предлози и мислења по законите и другите акти што ги донесува федерацијата и Републиката со кои се регулираат станбените прашања, здравствената заштита, пензиското осигурување, воено-инвалидската заштита, материјалното обезбедување и други прашања од социјално-економската заштита на борците и инвалидите од војната, како и семејствата на паднатите борци,

д) да соработува со соодветните органи и организации во Републиката во остварување на задачите од социјално-економската состојба на борците и семејствата на паднатите борци.

2. Комисијата за прашањата на борците и инвалидите од војната има претседател и 10 члена. Претседателот и членовите се избираат од редот на делегатите на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор.

Изборот и составот на членови на Комисијата се определува со посебна одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-3453
29 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски**, с. р.

**509.**

Врз основа на член 318, став 2 и член 334, алинеја 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, и член 17, став 1 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ" број 48/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 26 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА

I

Се дава согласност на Статутот на Републичкиот фонд за кредитирање побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта, што Управниот одбор на фондот го донесе на 12 мај 1975 година.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-3454
29 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски**, с. р.

**510.**

Врз основа на член 318, став 2 од Уставот на СР Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 26 декември 1975 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ОСНОВИТЕ НА САМОУПРАВНОТО УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ И ДЕЈСТВУВАЊЕТО ВО ОБЛАСТА НА ВРАБОТУВАЊЕТО ВО СР МАКЕДОНИЈА

I

Се усвојува Општествениот договор за основите на самоуправното уредување на односите и дејствувањето во областа на вработувањето во СР Македонија.

Се овластува Душко Георгиевски, член на Извршниот совет и републички секретар за труд, во името на Социјалистичка Република Македонија да го потпише Договорот.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на усвојувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-3450
29 декември 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

---

**511.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1 и 3 од Законот за помилување и член 85 од Кривичниот законик, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 23. XII. 1975 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Неиздржаниот дел од казната им се прости на:
1. Ламбе Мицко Танески, од Охрид,
2. Пројче Крсте Стојановски, од Прилеп,
3. Ангел Костадин Јаковлев, од Титов Велес.
4. Шаќир Јусуф Дрндар, од Скопје.

II

Неиздржаниот дел од казната им се услови за 1 година на:
1. Бошко Ставре Трајановски, од Кичево,
2. Страшо Симон Размоски, од Охрид,
3. Миле Сречко Шипка, од Скопје,
4. Санде Ѓорѓи Ременски, од Скопје.

III

Изречената казна им се намали за 6 месеци на:
1. Амди Фаик Маличевски, од Битола,
2. Димитрија Видан Танасоски, од с. Варош,
3. Атанас Стојан Атанасовски, од Гевгелија,
4. Веби Хајрула Корчај од Гњилане,
5. Ѓорѓи Страхил Стефанов, од Радовиш,
6. Лазо Ристо Шпритов, од Штип,
7. Јонче Ѓоре Прентовски, од с. Мислешево.

IV

Изречената казна им се услови за 1 година на:
1. Стојан Игнат Стојановски, од с. Страцин,
2. Адем Јонус Горенски, од с. Лабуниште,
3. Доне Ванчо Ристевски, од Битола,
4. Тихомир Владо Трајковски, од Скопје,
5. Железни Миле Делев, од Скопје,
6. Трајче Јованче Најдовски, од Скопје,
7. Цветко Сарафил Јанкулоски, од Охрид.

V

Изречената казна му се услови за време од 2 години на:
1. Блаже Данаил Петревски, од Скопје.

VI

Изречената казна му се прости на:
1. Ињчо Борис Марковски, од Скопје,

VII

Паричната казна му се прости на:
1. Миле Коста Србиновски, од Охрид.

VIII

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а да се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 06-531
23. декември 1975 година
Скопје

Член на Претседателството
на СРМ,
**Љупчо Арсов,** с. р.

---

**512.**

Врз основа на член 191 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ" бр. 8/75), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

# НАРЕДБА
## ЗА СООБРАЌАЈ НА ВОЗИЛА НА МОТОРЕН ПОГОН И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА НА ПАТИШТАТА ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

I

Во време кога коловозот на магистрален или регионален пат е покриен со снег или мраз (зимски услови) на местата на патот што се означени со сообраќајните знаци II-10 „забрана на сообраќајот за возилата на моторен погон што влечат приклучно возило, освен полуприколка" и II-39 „синџири за снег", се забранува сообраќај на:

1. возила на моторен погон ако влечат приклучно возило, освен полуприколка; и

2. моторни возила со или без полуприколка кои немаат пропишана зимска опрема (член 91 од Правилникот за уредите, опремата, димензиите и вкупните тежини на возилата во сообраќајот на патиштата — („Службен лист на СФРЈ" бр. 20/75).

II

Работник на милицијата ќе нареди на возач да го прекине натамошното движење на возилото од точка I од оваа наредба ако постапува спротивно на поставените сообраќајни знаци.

Кога на патот или делот од патот, иако не е означен со такви сообраќајни знаци, зимските услови не овозможуваат непречено одвивање на сообраќајот за времето додека не се овозможи безбеден сообраќај или на таквите места се врши чистење на коловозот од снег или мраз за времето додека трае чистењето, работник на милицијата може да нареди на возач да го прекине натамошното движење на возилото на моторен погон.

III

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 05-16289/1
19 декември 1975 година
Скопје

Републички секретар за
внатрешни работи,
**Мирко Буневски,** с.р.

**513.**

Врз основа на член 40 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ“ број. 36/66), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

# НАРЕДБА

## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ОД ЗАРАЗНИ И ПАРАЗИТНИ БОЛЕСТИ ВО 1976 ГОДИНА

I

Според одредбите на оваа наредба во 1976 година ќе се организираат и спроведуваат потребните мерки за спречување и отстранување на следните заразни и паразитни болести кај животните:

1. Беснило;
2. Туберкулоза;
3. Бруцелоза;
4. Антракс;
5. Шушкавец;
6. Чума кај свињите;
7. Црвеница кај свињите;
8. Краста;
9. Атипична чума кај живината;
10. Заразна кривотница кај овците;
11. Ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата;
12. Тифус кај живината и бел пролив кај пилињата;
13. Белодробна стронгилоза и желудечно цревни паразити кај овците и говедата;
14. Ехинококоза;
15. Пироплазмоза;
16. Заразни болести кај пчелите;
17. Заразни болести кај рибите;
18. Метилавост;
19. Заразно пресушување на вимето;
20. Гангренозно воспаление на вимето кај овците;
21. Лептоспироза;
22. Лигавка и шап.

Потребни мерки за спречување и отстранување ќе се преземаат и против други заразни и паразитни болести кај животни од член 33 на Основниот закон за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен лист на СФРЈ“ број 16/65 и 23/65) и член 31 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот („Службен весник на СРМ“ број 36/66), доколку тие се појават или постои опасност да се појават.

II

### 1. Беснило

Превентивна вакцинација на кучињата против беснилото ќе се изврши во целата Република од 3 јануари до 31 март 1976 година, според плановите што ќе ги утврдат општините.

Во општините Битола, Македонски Брод, Валандово, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Д. Хисар, Кавадарци, Кичево, Крушево, Куманово, Охрид, Прилеп, Ресен, Скопје, Струга и Тетово превентивната вакцинација ќе се изврши со вакцината Flury, а во останатите општини со Хемптовата вакцина.

На превентивната вакцинација подлежат сите кучиња постари од 3 месеци односно во општините наброени во претходниот став сите кучиња постари од 4 месеци.

Кучињата кои до 31 март 1976 година не ќе имаат три односно четири месеци, како и кучињата што ќе се окучат подоцна, превентивно ќе се вакцинираат во периодот од 1 септември до 31 октомври 1976 година, ако во тој период наполниле три односно четири месеци.

### 2. Туберкулоза

Во организациите на здружениот труд што се занимаваат со одгледување на говеда ќе се изврши еднократна туберкулинизација на говедата постари од 3 месеци во периодот од 1 февруари до 31 мај 1976 година.

Во определените рокови од став 3 на оваа точка ќе се изврши туберкулинизација на една третина од говедата постари од 3 месеци од индивидуалниот сектор во општината.

Во периодот од 1 февруари до 30 јуни 1976 година ќе се изврши туберкулинизација најмалку на половината од предвидениот број говеда во претходниот став, а во периодот од 1 септември до 30 ноември 1976 година ќе се изврши туберкулинизација на преостанатиот предвиден број говеда.

Општинскиот орган на управата надлежен за ветеринарство, согласно член 39, став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и здравствената заштита на добитокот ќе ги определи населбите во кои ќе се изврши преглед од став 2 на оваа точка, но така што со нив да биде опфатено компактно подрачје на општината, во кое не е вршена туберкулинизација во 1975 година, а во кое во текот на 1976 година ќе се земе крв од кравите, јуниците, биковите и јунчињата за преглед на бруцелоза.

Туберкулинизацијата ќе се изврши и во населбите во кои туберкулозата била констатирана во 1975 година, без оглед на тоа, дали се наоѓаат во подрачјето на општината каде задолжително ќе се врши туберкулинизација или надвор од тоа подрачје.

Населбите од претходниот став имаат првенство при спроведувањето на туберкулинизацијата.

Сите говеда што при туберкулинизацијата ќе покажат позитивна односно сомнителна реакција на говедски туберкулин подлежат на ретуберкулинизација.

Резултатот од ретуберкулинизацијата се смета за дефинитивен.

Говедата што при туберкулинизацијата покажат позитивна или сомнителна реакција на говедски туберкулин, до ретуберкулинизацијата ќе се држат одделно од другите говеда во дворот на организацијата на здружениот труд и на граѓаните и се третираат како да се заразени.

Говедата од претходниот став, по барање на сопственикот, за време на карантинот, можат да се заколат на негова сметка, но под контрола на надлежниот ветеринарен инспектор.

Доколку во периодот помеѓу туберкулинизацијата и ретуберкулинизацијата, позитивните и сомнителните реактори на говедски туберкулин заболат со клинички знаци на туберкулоза, истите можат да се заколат, со право на надоместок на штета, но по претходно одобрување на Управата за ветеринарна служба.

Во дворовите во кои се установи туберкулоза кај говедата, ќе се врши туберкулинизација на говедата секои два месеци се додека кај сите говеда во тие дворови не се добие негативен резултат за туберкулоза, при две туберкулинизации извршени еднаподруга.

Нововнесените говеда за приплод во Републиката задолжително ќе се туберкулинизираат најдоцна два месеци од нивното внесување.

Во дворовите на организациите на здружениот труд и граѓаните, во кои се установи туберкулоза кај говедата, задолжително ќе се изврши туберкулинизација на живината и свињите.

Во организациите на здружениот труд и во индивидуалните живинарски фарми што се занима-

ваат со производство на јајца и живина за расплод, ќе се изврши туберкулинизација на 10% од кокошките.

Во организациите на здружениот труд и во индивидуалните живинарски фарми во кои се установи туберкулоза кај кокошките, ќе се врши туберкулинизација на сите кокошки и колење на туберкулозните кокошки секои два месеци, сè додека кај сите кокошки не се добие негативен резултат на туберкулоза при две туберкулинизации извршени еднаподруга.

### 3. Бруцелоза

Од сите крави, јуници, бикови и јунчиња на организациите на здружениот труд што се занимаваат со одгледување на говеда ќе се земе крв за преглед на бруцелоза во периодот од 1 февруари до 31 мај 1976 година.

Во определените рокови од став 3 на оваа точка ќе се земе крв за преглед на бруцелоза од една третина од кравите, јуниците, биковите и јунчињата од индивидуалниот сектор во општината.

Во периодот од 1 февруари до 30 јуни 1976 година ќе се земе крв најмалку од половината од предвидениот број крави, јуници, бикови и јунчиња за преглед на бруцелоза од претходниот став, а во периодот од 1 септември до 30 ноември 1976 година ќе се земе крв од преостанатиот предвиден број крави, јуници, бикови и јунчиња.

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот, ќе ги определи населбите во кои ќе се изврши преглед од став 2 на оваа точка. Подрачјето во кое ќе се земе крв за преглед на бруцелоза треба да се поклопува со подрачјето на општината во кое ќе се врши туберкулинизација.

За преглед на бруцелоза ќе се земе крв од сите крави, јуници, бикови и јунчиња во населбите во кои бруцелозата била констатирана во 1975 година, без оглед на тоа дали тие населби се наоѓаат на подрачјето кое е опфатено со задолжителниот преглед на бруцелозата кај говедата или не.

Населбите од претходниот став имаат првенство во земањето на крв.

Од сите овци во населбите во кои е установен абортус кај овците со непозната етиологија ќе се земе крв за преглед на бруцелоза.

Од сите маторици, женски назимчиња и нерези, на општествениот и индивидуалниот сектор што се чуваат за расплод, ќе се земе крв за преглед на бруцелоза.

Во дворовите во кои ќе се установи бруцелоза кај луѓе, говеда, овци и свињи ќе се земе крв од сите говеда, свињи и овци секои три до четири седмици, се додека кај сите говеда, свињи и овци не се добие негативен резултат за бруцелоза при три земања на крв едноподруго.

Од сите нововнесени говеда, овци и свињи за расплод и гоење во Републиката, задолжително ќе се зема крв за преглед на бруцелоза најдоцна до 10-от ден од нивното внесување.

### 4. Антракс

Во сите дистрикти на антраксот ќе се изврши еднократна вакцинација на добитокот (говедата, овците и коњите) против болеста антракс во периодот од 1 април до 31 мај 1976 година.

Грлата кои во пропишаниот рок од претходниот став не ги исполнуваат условите за вакцинација против антраксот, како и грлата што ќе се отелат, ојагнат и ождребат подоцна, дополнително ќе се вакцинираат против антраксот кога ќе ги исполнат пропишаните услови.

Како дистрикти на антраксот, во смисла на оваа наредба ќе се сметаат населбите во кои антраксот е установен во последните 15 години (1961—1975 година).

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот ќе определи кои места на подрачјето на општината во смисла на став 3 од оваа точка ќе се сметаат за антраксни дистрикти.

Во сите населби во кои во текот на 1976 година се установи антракс ќе се изврши еднократна вакцинација на добитокот (говедата, овците и коњите) против болеста антракс.

Еднократна вакцинација на добитокот против антраксот ќе се изврши во сите организации на здружениот труд што се снабдуваат со фураж однадвор, кога фуражот потекнува од дистрикт на антраксот односно кога не се знае неговото потекло.

### 5. Шушкавец кај говедата

Мерките пропишани за вакцинација на добитокот против антраксот, ќе се применуваат и против шушкавецот, со таа разлика, што против шушкавецот ќе се вакцинираат само говедата, а како дистрикти на шушкавецот во смисла на оваа наредба, ќе се сметаат населбите во кои шушкавецот е утврден во последните 5 години (1971—1975 година).

Еднократна вакцинација против шушкавецот ќе се изврши и на говедата во сите организации на здружениот труд што се снабдуваат со фураж однадвор, кога фуражот потекнува од дистрикт на шушкавец односно кога не се знае неговото потекло.

### 6. Чума кај свињите

Задолжителна превентивна вакцинација на свињите против чумата ќе се изврши во целата Република.

Превентивна вакцинација од претходниот став ќе се изврши со вакцина од атенуирани вируси (еднократно) во периодот од 1 април до 30 јули 1976 година.

Свињите што се тераат на заедничко пасиште мораат претходно да бидат активно имунизирани против чумата.

Свињите што се тераат односно транспортираат од една во друга општина, ако служат за натамошно одгледување, пред тргнувањето односно натоварот, треба задолжително да се серумираат доколку активно не се имунизирани.

Свињите што се внесуваат од други општини ако служат за натамошно одгледување, при пристигањето треба задолжително да се вакцинираат доколку активно не се имунизирани односно да се серумираат, ако се помлади од три месеци.

По периодот на превентивната вакцинација на свињите против чумата, перманентно ќе се врши вакцинација на подмладокот што го исполнил условот за активно имунизирање, како и вакцинација на маториците кои поради висока гравидност не биле вакцинирани при редовното спроведување на мерката.

### 7. Црвен ветар кај свињите

Превентивна вакцинација на свињите против црвениот ветар ќе се изврши во населбите и во организациите на здружениот труд, што се сметаат за заразени од оваа заразна болест.

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, согласно член 39 став

1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот ќе ги определи населбите и организациите на здружениот труд што одгледуваат добиток, кои ќе се сметаат за загрозени од црвениот ветар кај свињите.

## 8. Краста

На подрачја на кои крастата кај овците владеела во текот на 1975 година најдоцна до крајот на април 1976 година ќе се изврши преглед на овците од краста.

Прегледот од претходниот став, согласно член 77 став 1 точка 1 од Основниот закон за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот и член 68 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот, го врши надлежниот ветеринарен инспектор, односно ветеринарната станица.

Во стадата во кои при прегледот се утврди краста треба неодложно, а најдоцна 15 дена по стрижбата, да се изврши прво бањање на сите овци во тие стада. Второто бањање ќе се изврши 15 дена по првото. Истовремено ќе се применуваат и други ветеринарно-санитарни мерки според постојните прописи.

Во стадата во кои во текот на 1976 година се установи краста неодложно ќе се спроведе лекување на болните овци односно двократно бањање на сите овци во заразените стада, а ќе се применуваат и други ветеринарно-санитарни мерки, според постојните прописи (дезинфекција и др.).

Ако во некоја населба се утврди краста кај овците во едно стадо, ќе се изврши бањање на сите овци од заразеното стадо, како и на сите овци од стадото кои пред утврдувањето на заразата паселе на пасиштето на кое паселе и овците од заразеното стадо, односно на сите овци од стадата што минуваат по исти патишта по кои минувале овците од заразеното стадо.

Овците од стадата што одат на летна испаша и во кои имало краста во текот на 1975 година односно во кои ќе се појави таа во периодот пред тргнувањето на летна испаша, задолжително ќе се избањаат најмалку еднаш, додека се на зимските пасишта.

На сопствениците чии стада овци подлежат на бањање според претходниот став, ако овците не бидат избањати, надлежниот општински ветеринарен инспектор нема да им издаде одобрение нивните стада овци да го напуштат зимското пасиште.

Паралелно со мерките против крастата кај овците ќе се врши контрола по однос на крастата кај другите домашни животни и ќе се преземаат потребни ветеринарно-санитарни мерки за нејзиното сузбивање и искористување.

## 9. Атипична чума кај живината

Задолжителна превентивна вакцинација ќе се врши во периодот од 15 август до 15 декември 1976 година според планот што ќе го одобри општината.

Мерката од претходниот став доколку се врши со сува „Муктезар" вакцина ќе се спроведува еднаш годишно, а до колку се врши со вакцината „Ла сота", се повторува по секои изминати четири месеци од претходната вакцинација. Вакцинацијата ја вршат лично овластените ветеринарни работници.

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот, водејќи сметка за епизоотиолошката ситуација во општината ќе определи која од двете напред споменати вакцини ќе биде употребена на територијата на општината.

Задолжителна превентивна заштита на пилињата и подмладокот ќе се врши со вакцината „Ла Сота" во текот на целата година, сукцесивно според возраста на пилињата и подмладокот и упатството на производителот.

Во организациите на здружениот труд заштитата на кокошките, подмладокот и пилињата ќе се врши периодично и континуирано според возраста на живината и упатството на производителот чија вакцина се употребува.

## 10. Заразна кривотница кај овците

Ќе се изврши преглед на сите стада овци сомнителни на заразната кривотница и лекување на овците во стадата за кои се утврди дека се заразени со заразната кривотница.

На лекување подлежат сите овци во заразените стада во текот на кое задолжително се спроведуваат ветеринарно-хигиенски и зоопрофилактички мерки (одделување на болните од здравите овци, хируршка обработка и дезинфекција на чапунките кај болните овци, секојдневна дезинфекција на чапунките кај одвоените „здрави" овци, горење односно закопување на отпадоците од чапунките по хируршката интервенција, напуштање на заразено пасиште за 10—15 дена и др.).

## 11. Ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата

Ќе се изврши заштитна вакцинација на овците против ентеротоксемијата и заразниот пролив кај јагнињата во месностите каде тие се установени во последните пет години (1971—1975 година).

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот, ќе ги определи местата во кои ќе се врши вакцинација од претходниот став.

## 12. Тифус кај живината и бел пролив кај пилињата и други салмонелози

Во општествените и индивидуалните живинарски фарми што се занимаваат со производство на јајца и живина за расплод најмалку двапати годишно, во временско растојание од 6 месеци, со методата на брза аглутинација, ќе се изврши преглед на тифус на 10% од живината од тие фарми.

Во општествените и индивидуалните живинарски фарми што увезуваат јајца и живина за расплод, ќе се изврши преглед на тифус на 10% од живината во фармата односно од грлата добиени од увезените јајца.

Ако во фармите од претходниот став се установи тифус, тогаш секоја четврта седмица ќе се врши преглед на сета живина во заразената фарма на тифус и колење на заразената живина, се додека кај сета живина во заразената фарма не се добие негативен резултат при два прегледа извршени еднополдруго.

За време на карантинот на внесената живина и јајца за расплод од странство, надлежниот општински ветеринарен инспектор за карантинот, ќе испрати до ветеринарно-дијагностичката установа овластена со решението за карантинот, најмалку 50% од бројот на пцовисаните грла односно од бројот на неизведените јајца, за бактериолошко испитување.

**13. Белодробна стронгилоза и желудечно-цревни паразити кај овците и говедата**

Лекување на овците и говедата против белодробната стронгилоза и желудечно-цревните паразити ќе се врши во населбите и стадата каде тие се појават односно лабораториски установат.

Од сите говеда и овци во организациите на здружениот труд и во сопственост на граѓани за кои постои основно сомнение дека се заразени со белодробна стронгилоза односно со желудечно-цревни паразити ќе се зема материјал за лабораториско испитување.

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, согласно член 39 став 1 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот ќе ги определи организациите на здружениот труд и местата во кои ќе се зема материјал за лабораториско испитување.

**14. Ехинококоза**

За сузбивање на ехинококозата, покрај другите ветеринарно-санитарни мерки, ќе се изврши двократна дехелментизација на кучињата со сколабан и тоа првата во периодот од 3-ти јануари до 31 март 1976 година, а втората 6 месеци по првата.

Дехелментизацијата од претходниот став ја вршат лично овластените ветеринарни работници.

**15. Пироплазмоза**

Во периодот од 1 април до 30 септември 1976 година ќе се изврши најмалку двократно бањање со противкрлежни средства на сите мерино овци односно на сите внесени говеда од благородни раси во Републиката.

**16. Заразни болести кај пчелите**

Ќе се изврши преглед во однос на заразни и паразитни болести на сите сандаци пчели во организациите на здружениот труд што се занимаваат со пчеларство како и преглед на сите сандаци пчели во индивидуалниот сектор во населбите каде постојат индикации или сомневања за присуство на заразни односно паразитни болести кај пчелите.

**17. Заразни болести кај рибите**

Со оглед на зголемениот број вештачки рибници и на постојниот износ на рибен приплоден материјал во текот на 1976 година ќе се изврши најмалку двократен задолжителен преглед на вештачките рибници во Републиката и при сомнение на појава на заразни болести кај рибите ќе се испрати материјал за лабораториски преглед во една од овластените ветеринарно-дијагностички установи во земјата.

Прегледот од претходниот став, согласно член 77 став 1, точка 1 од Основниот закон за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот и член 68 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот го врши надлежниот ветеринарен инспектор односно ветеринарната станица.

**18. Метилавост (фасциолоза)**

Во сите подрачја на Републиката во кои се јавува метилавоста, ќе се изврши најмалку двократно, превентивно третирање на овците и говедата против метилавоста со противметилни средства. Првото третирање ќе се изврши во текот на пролетта, а второто во текот на есента 1976 година.

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на ветеринарството, согласно член 39 од Законот за мерките за унапредување на сточарството и за здравствената заштита на добитокот ќе ги определи местата во кои ќе се врши третирањето од претходниот став.

**19. Заразно пресушување на вимето**

Во текот на 1976 година ќе се изврши еднократен лабораториски преглед на сите крави во организациите на здружениот труд кои се занимаваат со сточарство на болеста заразно пресушување на вимето и лекување на кравите за кои ќе се утврди дека се болни од заразното пресушување на вимето.

**20. Гангренозно воспаление на вимето кај овците**

Од сите овци болни односно сомнителни на гангренозно воспаление на вимето ќе се земе материјал за лабораториско испитување и ќе се врши лекување на сите болни односно сомнително болни од ова оболување.

**21. Лептоспироза**

Во организациите на здружениот труд што одгледуваат добиток ќе се земе крв од сите крави, јуници, бикови и јунчиња, како и од сите маторици, женски назимчиња и нерези за преглед на лептоспироза, во периодот од 1 февруари до 31 мај 1976 година.

За преглед на лептоспироза ќе се земе крв и од сите маторици, женски назимчиња и нерези од индивидуалниот сектор, што се чуваат за расплод.

**22. Лигавка и шап**

Во периодот од 1 до 31 мај 1976 година во сите организации на здружениот труд што се занимаваат со одгледување на добиток ќе се изврши превентивна вакцинација со поливалентна вакцина АОЦ против лигавка и шап на сите говеда постари од 3 месеци.

Во периодот од 15 септември до 15 октомври 1976 година во сите организации на здружениот труд што се занимаваат со одгледување на добиток, ќе се изврши превентивна вакцинација со поливалентна вакцина АОЦ против лигавка и шап на сите говеда што за прв пат во својот живот биле вакцинирани во периодот од 1 до 31 мај 1976 година, на телињата постари од 3 месеци, како и на говедата што дотогаш воопшто не биле вакцинирани.

III

Утврдувањето и објавувањето на болестите од дел I на оваа наредба, со исклучок на туберкулозата, се врши врз основа на лабораториски наоди во една од овластените ветеринарно-дијагностички установи во земјата.

Од заразените и принудно заклани говеда поради туберкулоза задолжително се испраќа материјал за лабораториско утврдување на причинителот на туберкулозата.

IV

Евиденцијата за спроведување на мерките определени со оваа наредба и извештаите се доставуваат на утврдените обрасци.

V

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 11-2432
23 октомври 1975 година
Скопје

Републички секретар за
земјоделство и шумарство,
д-р **Јанко Лазаревски,** с. р.

---

**514.**

Врз основа на член 10 од Законот за давање даночни олеснувања и погодности на купувачите на обврзници на Федерацијата издадени во 1975 година („Службен весник на СРМ", бр. 27/75), републичкиот секретар за финансии донесува

## УПАТСТВО

### ЗА НАЧИНОТ НА НАМАЛУВАЊЕТО НА ДАНОКОТ НА КУПУВАЧИТЕ НА ОБВРЗНИЦИ И ПЛАЌАЊЕТО НА ДАНОК СО ОБВРЗНИЦИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

1. Намалувањето на данокот на купувачите на обврзници на Федерацијата и плаќањето на данокот со обврзници се врши според одредбите на Законот за давање даночни олеснувања и погодности на купувачите на обврзници на Федерацијата издадени во 1975 година (Законот), а на начин определен со ова упатство.

**Начин на намалување на данокот**

2. Купувачите на обврзници на Федерацијата, што се обврзници на данокот на доход, купените обврзници ѝ ги поднесуваат на Службата на општественото книговодство за добивање на потврда (член 4, став 4 и 5 од Законот).

Врз основа на потврдата од претходниот став, обврзникот на данокот на доход може даночното олеснување да го користи и еднократно доколку олеснувањето не го надминува стасаниот данок за плаќање.

Даночното олеснување се евидентира во образецот „ДД" Пресметка на данокот на доход на организациите на здружениот труд.

3. Намалувањето на републичкиот данок од личен доход од земјоделска дејност и републичкиот данок на вкупниот приход на граѓаните, како и општинските даноци за кои со одлука е пропишано намалување, а што стасуваат за плаќање од 1 јануари 1976 година, се врши според членот 4, став 1 и 2 од Законот.

4. Даночното олеснување во вид на намалување на продажната цена за износот на основниот и посебниот републички данок на промет на производи од членот 2 на Законот се врши на тој начин што продавачот на стоки е должен на купувачот што купува стока со обврзници да му издаде сметка на купените стоки која е составен дел од ова упатство а на која мораат да бидат означени:

а) износот на пресметаниот основен данок и посебниот републички данок на промет на производи според пропишаните стапки;

б) продажната цена, со пресметаниот основен данок и посебниот републички данок на промет на производи;

в) намалувањето на продажната цена за износот од 6% од номиналната вредност на обврзниците со која купувачот ги купува стоките а најмногу до износот на пресметаниот данок под точката а) на овој став;

г) цената односно вредноста што купувачот ја плаќа во обврзници односно евентуалната разлика во готови пари по намалувањето на продажната цена под точката в) на овој став.

Службата на општественото книговодство од номиналната вредност на применитe обврзници од членот 5, став 2 на Законот ќе пресмета 6% и на продавачот на стоките ќе му издаде потврда дека за утврдениот износ има право помалку да уплати основен данок и посебен републички данок на промет на производи.

**Начин на плаќање на данок со обврзници**

5. Плаќањето на даноците од членот 4 на Законот со обврзници на Федерацијата се врши според членот 7 од Законот, одредбите на Правилникот за условите и начинот на користење на определени обврзници („Службен лист на СФРЈ", бр. 60/72) и ова упатство.

6. Обврзницата на Федерацијата на која нема печат дека истата е искористена за намалување на данокот, а се користи за плаќање на данок пред рокот на стасаноста за исплата, од нејзината номинална вредност ќе се одбие износот на каматата пресметана за периодот од месецот во кој е користена обврзницата до рокот кога истата стасала за амортизација.

7. Применитe обврзници на Федерацијата на име платен републички данок се доставуваат на Службата на општественото книговодство — Филијала 40100 Скопје (Филијала 40100 — Скопје), која ги чува до нивното амортизирање.

Заедно со обврзниците се доставува и список на обврзниците по видови на републички даноци.

8. Исплатата на обврзниците на Федерацијата на име платен републички данок ќе се врши на товар на средствата на Републичкиот буџет.

9. Уплатениот републички данок со обврзници на Федерацијата и тоа: републичкиот данок на вкупниот приход на граѓаните, во целосен износ, и 30% од републичкиот данок од личен доход од земјоделска дејност од даночните обврзници на кои земјоделската дејност не им е единствено занимање, Филијалата 40100 — Скопје, на крајот на секој месец го пренесува во паричен износ во корист на буџетите на општините на чие подрачје е остварен.

10. Филијалата 40100 — Скопје, за уплатените даноци со обврзници на Федерацијата и пренесените средства според точките 8 и 9 од ова упатство води евиденција и го известува Републичкиот секретаријат за финансии тримесечно.

11. Средствата од амортизираните обврзници на Федерацијата, со кои е уплатен републички данок на доход и републички данок од личен доход од земјоделска дејност од даночните обврзници на кои земјоделската дејност им е единствено занимање, се насочуваат во корист на уплатените приходни сметки 840 и 846.

Средствата од амортизираните обврзници, со кои е уплатен републички данок на вкупниот приход на граѓаните и републички данок од личен доход од земјоделска дејност, од даночните обврзници на кои земјоделската дејност не им е единствено занимање, како и каматата од сите амортизирани обврзници, се насочуваат во корист на приходната сметка 840-6212 „Други републички приходи".

12. Ова упатство влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 06-2329/1
16 декември 1975 година
Скопје

Републички секретар за
финансии,
**Ристо Филиповски,** с. р.

НАЗИВ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

___________________

___________________

Број на сметката ___________

___________ ___________ 19____ г.
(место) (датум)

СМЕТКА
за купената стока со обврзници

| Ред. број | Назив на стоката | Износ на пресметаниот основен и посебен републички данок на промет на производи според пропишаните стапки | Продажната цена, со пресметаниот основен и посебен данок на промет на производи | Намалување на продажната цена за износот од 6% од номиналната вредност на обврзници со која купувачот ги купува стоките, а најмногу до износот на пресметаниот данок од колоната 2 | Цената односно вредноста што купувачот ја плаќа во обврзници односно евентуалната разлика во готови пари по намалувањето на продажната цена од колоната 4 |
|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

ВКУПНО: ___________________

515.

Врз основа на член 59 од Правилникот за условите и начинот на вршење задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразни болести („Службен лист на СФРЈ“ бр. 19/75), Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика донесува

# ПРОГРАМА

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ПРОТИВ ЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ ВО 1976 ГОДИНА

Во 1976 година имунизацијата е задолжителна:

1. Против големите сипаници (Variola Vera), туберкулозата (Tuberculosis), дифтеријата (Diphtheria), тетанусот (Tetanus), големата кашлица (Pertussis), детската парализа (Poliomielitis aнт. acuta) и малите сипаници (Morbilli) — за сите лица од определена возраст според оваа програма;

2. Против беснило (Lyssa) за сите лица повредени од бесно животно или од животно за кое се сомнева дека е бесно;

3. Против колерата (Cholera asiatica), големите сипаници (Variola Vera) и жолтата треска (Febris Flava) — за сите лица кои патуваат во земја во која постои некоја од тие болести или во земја која бара имунизација против тие болести;

4. Против цревниот тифус (Typhus abdominalis) и други заразни болести — за сите лица за кои постојат епидемиолошки индикации.

Задолжителната имунизација против заразните болести од точка 1 се извршува исклучиво на перманентен начин — континуирано имунизирање во текот на целата година, а против детската парализа од 1 јануари до 15 јуни и од 1 октомври до 31 декември 1976 година со тритипна вакцина, согласно член 7 од Правилникот за условите и начинот на вршење задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразни болести („Службен лист на СФРЈ“ бр. 19/75).

I

Имунизација против големи сипаници:

А. Вакцинирање се врши:

1. на сите деца од навршена 12 месечна возраст до навршени четири години, ако претходно не биле вакцинирани.

Б. Ревакцинирање се врши:

1. на сите деца во седмата и 14-тата година на возраст, ако претходно биле уредно вакцинирани и ако од вакцинирањето поминале 3 години.

II

Имунизација против туберкулоза се врши:

1. без тестирање на сите деца до навршени два месеца на животот;

2. на сите лица од навршени 2 месеци до навршени 19 години со претходно тестирање кои примарно не се вакцинирани, ако се туберкулин негативни;

3. ревакцинирањето се врши според календарот за имунизација.

III

Имунизација против дифтерија, тетанус и голема кашлица:

А. Вакцинирање се врши:

1. на сите деца родени од 1. X. 1975 до 30. IX. 1976 година на возраст определена со календарот за имунизација;

2. на сите деца до навршена петгодишна возраст, кои до тогаш не се уредно вакцинирани и ревакцинирани, а не прележале голема кашлица.

Б. Ревакцинирање се врши:

1. на сите деца комплетно вакцинирани во 1975 година против дифтерија, тетанус, голема кашлица — на возраст определена со календарот за имунизација;

2. на сите деца комплетно вакцинирани до пет годишна возраст, ако од имунизацијата поминало најмалку една година, а не повеќе од три години;

3. на сите деца во петтата година на возраст, ако претходно биле вакцинирани и ревакцинирани според календарот на имунизација.

IV

Имунизација против дифтерија и тетанус:

А. Вакцинирање се врши:

1. на сите деца до петгодишна возраст кои уредно не се вакцинирани или ревакцинирани, а ја прележале големата кашлица;

2. на сите деца родени од 1964 година наваму кои не биле уредно вакцинирани и рекавцинирани против дифтерија и тетанус.

Б. Ревакцинирање се врши:

1. на сите деца во седмата и дванаестата година на возраст, кои порано уредно се вакцинирани и ревакцинирани против дифтерија и тетанус според календарот за имунизација;

2. на сите деца до дванаесет годишна возраст вакцинирани за прв пат во 1975 година против дифтерија и тетанус, ако од вакцинирањето поминало една година.

V

Имунизација против тетанус:

А. Вакцинирање се врши:

1. на сите лица од навршени дванаесет години до навршени деветнаесет години на возраст, кои против тетанус порано не биле имунизирани.

Б. Ревакцинирање се врши:

1. на сите лица во деветнаесетата година на возраст, кои претходно уредно биле имунизирани и реимунизирани против тетанус со вакцина Ди-Те-Пер односно Ди-Те или Те.

2. на сите лица од дванаесет годишна до деветнаесет годишна возраст кои во 1975 година биле за прв пат имунизирани против тетанус, ако од имунизирањето поминала една година.

VI

Имунизација против детска парализа:

А. Вакцинирање се врши:

1. на сите деца родени од 1. X. 1975 година до 30. IX. 1976 година според календарот за имунизација;

2. на сите деца родени од 1. I. 1964 до 30. IX. 1975 година кои порано не биле вакцинирани.

Б. Ревакцинирање се врши:

1. на сите деца комплетно вакцинирани во 1975 година, ако од вакцинирањето поминало една година;

2. на сите деца во четвртата, седмата и дванаестата година кои претходно биле комплетно вакцинирани и ревакцинирани според календарот за имунизација.

VII

Имунизација против мали сипаници:

Вакцинирање се врши:

1. на сите деца од навршени 12 месеци до навршена 10 годишна возраст, кои не прележале мали сипаници.

Имунизацијата против определените заразни болести во оваа програма се врши по следниот

## КАЛЕНДАР ЗА ИМУНИЗАЦИЈА

| Возраст на лица што подлежат на имуниз. | Болест против која се врши имунизација | Имунизирање: — вакцинирање — ревакцинирање |
|---|---|---|
| до 2 месеци | Туберкулоза без тестирање | вакцинирање |
| 4, 5 и 6 месеци | Дифтерија-тетанус-пертусис (3 дози) | вакцинирање |
| 4,5 1/2 и 7 мес. | Детска парализа 3 дози тритипна вакцина | вакцинирање |
| 13 месеци | Мали сипаници | вакцинирање |
| 14 месеци | Големи сипаници | вакцинирање |
| 18 месеци | Дифтерија, тетанус-пертусис (1 доза) | I ревакцинирање |
| 20 месеци | Детска парализа (1 доза) тритипна вакц. | I ревакцинирање |
| 12-30 месеци | Туберкулоза (со тестирање) | I ревакцинирање |
| 4 години | Детска парализа (1 доза) тритипна вакцина | II ревакцинирање |
| 5 години | Дифтерија-тетанус-пертусис (доза) | II ревакцинирање |
| 7 години | Големи сипаници<br>Туберкулоза<br>Детска парализа (1 доза) тритипна вакц.<br>Дифтерија-тетанус (доза) | I ревакцинирање<br>II ревакцинирање<br>III ревакцинирање<br>III ревакцинирање |
| 12 години | Детска парализа (1 доза) тритипна вакц. | IV ревакцинирање |
| 12 години | Дифтерија тетанус (1 доза) | IV ревакцинирање |
| 13 години | Туберкулоза | III ревакцинирање |
| 14 години | Големи сипаници | II ревакцинирање |
| 19 години | Туберкулоза | IV ревакцинирање |
| 19 години | Тетанус | V ревакцинирање |

VIII

На кампањски начин се врши задолжителна имунизација (вакцинирање и ревакцинирање) против заразни болести и на следните лица:

а) На задолжителна имунизација против туберкулоза подлежат лица вработени во организациите на здружен труд на дијагностика и лекување на туберкулозата што не реагираат на туберкулин или кај кои реакцијата на туберкулин е помала од 6 м. м. без оглед на возраста.

б) На задолжителна имунизација против цревен тифус подлежат:

1. Лицата вработени на чистење канализација, септички јами, на отстранување ѓубре и други отпадни материи од населби;

2. Екипажот на домашните бродови во поморскиот и речниот јавен сообраќај;

3. Учесници на младински работни акции и лица вработени на други големи работилишта за кои им е обезбедено домување во привремени објекти;

4. Лицата што живеат во заедничко домаќинство со бацилоносител на цревен тифус;

5. Лицата постари од три години што живеат во места и краишта зафатени од поплава, пожар, земјотрес и други елементарни непогоди и масовни несреќи што позначително можат да влијаат врз нормалниот живот на населението на одделни места, односно краишта.

Ревакцинирање на лицата (една доза) што подлежат на задолжителна имунизација се врши по истекот на три години од денот на вакцинирањето и се додека се вработени на определените работни места, односно додека постои некоја од причините изнесени за задолжителна имунизација против цревен тифус.

Лица постари од 60 години не подлежат на задолжителна имунизација против цревен тифус.

в) На задолжителна имунизација против големи сипаници подлежат:

1. Лицата што во Југославија доаѓаат од подрачја заразени со големи сипаници и ако немаат пропишано уверение за вакцинирање во согласност со одредбите од Меѓународниот санитарен правилник;

2. Лицата што патуваат во земја во која постојат големи сипаници или во земја што бара имунизација против таа болест.

Имунизација на лицата под точка 1 се врши при нивно доаѓање во Југославија, а имунизација на лицата под точка 2. се врши најдоцна 8 дена пред почетокот на патувањето.

Првото вакцинирање (примовакцинација) на лицата под точка 1 и 2 се врши со задолжителна примена на вакцинација — гама глобулин, ако се постари од 4 години. Ревакцинирање на овие лица се врши ако поминале повеќе од три години од денот на вакцинирање односно ревакцинирање.

г) На задолжителна имунизација против беснило подлежат лицата ранети од бесно животно или од животно за кое се сомнева дека е бесно и тоа:

1. Лице укасано или изгребано од лисица, волк или некое друго диво животно;

2. Лице укасано од куче што му е непознато на лице и кое не е можно да се држи под ветеринарна контрола;

3. Лице укасано од куче што во рок од десет дена од денот на ранувањето на лицето ќе покаже знаци на беснило, ќе пцовиса, ќе биде убиено или ќе заскита;

4. Лице укасано во пределот на главата и вратот, прстите на рацете или во пределот на поголемите нервни сплетови без оглед на состојбата и судбината на кучето;

5. Лице укасано од мачка или од друго бесно домашно животно или од домашно животно за кое се сомнева дека е бесно;

6. Лице повредено при работа со предмет што бил во допир со бесно животно или со животно за кое се сомнева дека е бесно, односно при обдукција на такво пцовисано животно.

Имунизација против беснило се врши согласно чл. 40, 41, 42, 51 и 52 и 54 од Правилникот за условите и начинот на вршењето задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразните болести („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/75).

IX

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од нејзиното објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 06-01-4969
19 декември 1975 година
Скопје

Републички секретар за
здравство и социјална политика,
**Јездимир Богдански,** с. р.

---

**516.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Правилникот за распределба на личниот доход на работниците во ООЗТ фабрика за амбалажа Гостивар (сега ООЗТ за преработка на дрво „Јавор" Гостивар) донесен од работните луѓе на собирот одржан на 21 јули 1972 година, по одржаната јавна расправа на 20 ноември 1975 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Правилникот за распределба на личниот доход на работниците во ООЗТ Фабрика за амбалажа Гостивар (сега ООЗТ за преработка на дрво „Јавор" Гостивар) донесен од работните луѓе на собирот одржан на 21 јули 1972 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во ООЗТ за преработка на дрво „Јавор" во Гостивар на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија по повод на поднесена претставка, со решение У. бр. 15/75 од 3 септември 1975 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 на оваа одлука затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со членот 23 од Уставот на СР Македонија и членот 76 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 22/73).

4. Во текот на претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека во членот 5 од правилникот се утврдени основи за распределба на личниот доход (продуктивноста на работникот, квалитетот на извршената работа, извршувањето на поставените задачи, остварениот промет, рационализација на работниот процес, извршената наплата на побарувањата, стручната подготовка што се бара за работното место, вкупниот работен стаж, редовноста во доаѓањето на работа, условите на работењето на работното место, ноќната работа од 22 до 5 часот и продолженото работно време), а во останатите одредби од правилникот не се предвидени мерила врз основа на кои се определува придонесот на работникот по определени основи, освен за работниот стаж и редовноста во работата.

Според членот 23 од Уставот на СР Македонија, работниците во основната организација на здружен труд ги утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и начинот за пресметување и исплата на своите лични доходи.

Во ставот 3 на член 42 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд е определено дека личниот доход се утврдува според однапред предвидени основи и мерила во основната организација на здружениот труд, во согласност со основите и мерилата утврдени со самоуправната спогодба и со општествениот договор. Исто така според членот 45 од републичкиот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен весник на СРМ“ бр. 16/74) работниците во основната организација ги распределуваат средствата за личните доходи со примена на основите и мерилата утврдени во самоуправната спогодба за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, а во согласност со самоуправните спогодби и општествените договори за усогласување и распределба на доходот и личните доходи.

Од друга страна според членот 76 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, работниците во организациите на здружениот труд беа должни своите меѓусебни односи да ги уредуваат во согласност со одредбите на овој закон до крајот на 1973 година.

Со оглед на тоа што во оспорениот правилник не се предвидени мерила врз основа на кои се определува придонесот на работникот по основите определени во членот 5 од оспорениот правилник и што тој не е усогласен со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, Судот утврди дека означениот правилник не е во согласност со членот 23 од Уставот на СР Македонија, со ставот 3 на член 42 од сојузниот и членот 45 од републичкиот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд како и со членот 76 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд.

На основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 15/75
20 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд
на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

**517.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Правилникот за распределба на личните доходи на филијалата „Жито-Македонија“ во Охрид, донесен од работничкиот совет на седницата од 25 февруари 1972 година, по одржаната јавна расправа на 15 октомври 1975 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Правилникот за распределба на личните доходи на филијалата „Жито-Македонија“ во Охрид, донесен од работничкиот совет на седницата одржана на 25 февруари 1972 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во филијалата „Жито-Македонија“ во Охрид на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија по повод на поднесена претставка, со решение У. бр. 17/75 од 18 јуни 1975 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 на оваа одлука затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со членот 22 од Уставот на СР Македонија и со членовите 4, 5, 42 и 76 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73).

4. Во текот на претходната постапка и на јавната расправа, Судот утврди дека во оспорениот правилник не е уредено учеството на работниците во распределбата на средствата за лични доходи по основ на минатиот труд и дека овој правилник е донесен од работничкиот совет на филијалата и по постапка која не е во согласност со членовите 4, 5, 42 и 76 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд.

Според членот 22 од Уставот на СР Македонија на секој работник во согласност со начелото на распределба според трудот и со порастот на продуктивноста на неговиот и на вкупниот општествен труд и со начелото на солидарноста на работниците во здружениот труд, му припаѓа од доходот на основната организација на здружен труд личен доход за задоволување на неговите лични, заеднички и општи општествени потреби, според резултатите од неговиот труд и неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал за зголемувањето на доходот во основната организација. Исто така согласно ставот 2 на член 42 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд на работникот му припаѓа личен доход сразмерно со резултатите од неговиот труд и со личниот придонес што го дал со својот тековен и минат труд. Според членот 76 од овој закон, работниците во организациите на здружениот труд беа должни своите меѓусебни односи да ги уредат во согласност со одредбите на овој закон до крајот на 1973 година.

Со оглед на тоа што во оспорениот правилник не е уредено учеството на работниците во распределбата на средствата за лични доходи по основ на минатиот труд и што тој не е усогласен со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, Судот утврди дека означениот правилник не е во согласност со членот 22 од Уставот на СР Македонија и со членовите 4, 5, 42 и 76 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд.

На основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 17/75
15 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд
на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

**518.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Правилникот за распределба на личните доходи на Основната организација на здружен труд за ТТ врски Битола, донесен од работните луѓе на собирот од 26 јуни 1975 година, по одржаната јавна расправа на 20 ноември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА членот 7 од Правилникот за распределба на личните доходи на Основната организација на здружен труд за ТТ врски Битола, донесен од работните луѓе на собирот одржан на 26 јуни 1975 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Основната организација на здружениот труд за ТТ врски — Битола на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод на поднесена претставка, со решение У. бр. 30/75 од 18 јуни поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на Правилникот за распределба на личните доходи на Основната организација на здружениот труд за ТТ врски — Битола, донесен од работничкиот совет на седницата одржана на 16 октомври 1973 година и посебно на членот 6 од овој правилник, затоа што основано се постави

прашањето за нивната согласност со членовите 22 и 23 од Уставот на СР Македонија и членовите 4 и 5 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73).

Во одговорот на Основната организација на здружениот труд за ТТ врски — Битола по повод решението за поведување на постапка се наведува дека на 26 јуни 1975 година престанал да важи оспорениот правилник затоа што собирот на работните луѓе донел нов Правилник за распределба на средствата за личниот доход.

4. Во текот на претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека при донесувањето на новиот правилник за распределба на личните доходи учествувале непосредно работниците бидејќи е донесен од собирот на работните луѓе. Поради тоа што оспорениот правилник е донесен непосредно од работниците на основната организација на здружениот труд, Судот застана на становиште дека тој не е во спротивност со членовите 4 и 5 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд без оглед на тоа што не е донесен во форма на самоуправна спогодба. Судот меѓутоа утврди дека во членот 6 од овој правилник е определено придонесот на работникот што го дал за зголемување на доходот на основната организација да се утврдува според следниве основи: работите што ги обавува, резултатите што ги остварува на своето работно место, минатиот труд, видот на работните задачи, сложеноста на работите кои што бараат одредени работни способности на работникот (стручна подготовка, работно искуство, умешност во работата) условите за работа и степенот на влијанието на работникот врз работењето. Членот 7 од правилникот содржи табела според која стартната основа на личниот доход за секое работно место е утврдена според степенот на стручната подготовка и за секое работно место месечниот стартен основ е искажан во динари, но овој член не содржи мерила за секој од основите предвидени во членот 6 врз основа на кои се утврдува учеството на работникот во распределбата на средствата за лични доходи.

Според членот 23 од Уставот на СР Македонија, работниците во основната организација на здружениот труд ги утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и начинот за пресметување и исплата на своите лични доходи. Од друга страна во ставот 3 на член 42 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд е определено дека личниот доход се утврдува според однапред предвидени основи и мерила во основната организација на здружениот труд, во согласност со основите и мерилата утврдени во самоуправната спогодба и со општествениот договор. Исто така според членот 45 од републичкиот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен весник на СРМ“ бр. 16/74), работниците во основната организација ги распределуваат средствата за личните доходи со примена на основите и мерилата утврдени во самоуправната спогодба за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, а во согласност со самоуправните спогодби и општествените договори за усогласување и распределба на доходот и личните доходи.

Со оглед на тоа што во членот 7 од правилникот за распределба на личните доходи на Основната организација на здружениот труд за ТТ врски — Битола не се предвидени мерила врз основа на кои се определува придонесот на работникот по основите определени во неговиот член 6, Судот утврди дека означениот правилник не е во согласност со членот 23 од Уставот на СР Македонија, со ставот 3 на член 42 од сојузниот и со членот 45 од републичкиот закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд.

На основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 30/75
20 ноември 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд
на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

---

**519.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја законитоста на точките б) и в) од ставот 11 на член 53 од Самоуправната спогодба за внатрешна организација, работа и систематизација на работните места во Заводот за унапредување на претшколското и основното образование и воспитување во Прилеп, донесена на собирот на работните луѓе одржан на 23 јануари 1975 година, по одржаната јавна расправа на 6 ноември 1975 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВААТ точките б) и в) од ставот 11 на член 53 од Самоуправната спогодба за внатрешна организација, работа и систематизација на работните места во Заводот за унапредување на претшколското и основното образование и воспитување во Прилеп, донесена на собирот на работните луѓе одржан на 23 јануари 1975 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Заводот за унапредување на претшколското и основното образование и воспитување во Прилеп на начин определен за објавување на општите акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод на поднесена претставка, со решение У. бр. 49/75 од 18 јуни 1975 година поведе постапка за оценување законитоста на означените одредби во точката 1 на оваа одлука затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со членот 20 од Законот за организирање на дејноста за унапредување на образованието и воспитувањето („Службен весник на СРМ“ бр. 17/74).

4. Во текот на претходната постапка и на јавната расправа, Судот утврди дека во точките б) и в) од ставот 11 на член 53 од самоуправната спогодба е пропишано дека за работното место стручен работник по одделенска настава во заводот, покрај другите општи и посебни услови потребни за соодветното звање, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните услови: завршен природно-математички факултет — група математика или педагошка академија — група математика и физика, како и претходно завршена педагошка академија-одделенска настава или учителска школа односно завршен филозофски факултет — група македонски јазик, како и претходно завршена педагошка академија одделенска настава или учителска школа.

Според членот 20 од Законот за организирање на дејноста за унапредување на образованието и воспитувањето („Службен весник на СРМ“ бр. 17/74) задачите на заводите за унапредување на предучилишното и основното образование и воспитување ги вршат стручните работници и тоа: самостојни педагошки советници, педагошки советници и стручни соработници. За самостоен педагошки советник може да биде избрано лице што завршило соодветен факултет или висока школа и што има објавени позначајни трудови и владее со методологијата на истражувачката работа, а за педагошки советник може да биде избрано лице што завршило соодветен факултет или висока школа, има соодветна практика, се истакнува во својата струка и покажува способност за работа на унапредување на образованието. За стручен соработник може да биде избрано лице што завршило соодветен факултет, висока или виша школа и има најмалку петгодишна соодветна воспитно образовна практика.

Со оглед на тоа што со точките б) и в) од став 11 на член 53 од оспорената самоуправна спогодба

е пропишано дека стручните работници во заводот, покрај завршениот факултет или виша школа, треба претходно да имаат завршено и педагошка академија-одделенска настава или учителска школа, а законот не пропишува какво претходно образование треба да имаат стручните соработници, Судот оцени дека означените одредби не се во согласност со членот 20 од Законот за организирање на дејноста за унапредување на образованието и воспитувањето.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 49/75
6 ноември 1975 година
Скопје

Го заменува претседателот на Уставниот суд на Македонија,
Судија,
**Боро Доганџиски,** с. р.

---

**520.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја законитоста на Самоуправната спогодба за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, донесена на 7 декември 1973 година од советот на Гимназијата „Јосиф Јосифовски" во Гевгелија, на седницата одржана на 9 октомври 1975 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВА Самоуправната спогодба за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд донесена од советот на Гимназијата „Јосиф Јосифовски" во Гевгелија на седницата одржана на 7 декември 1973 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Гимназијата „Јосиф Јосифовски" во Гевгелија на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод на поднесена претставка, со решение У. бр. 83/74 од 25 јуни 1975 година поведе постапка за оценување законитоста на самоуправната спогодба означена во точката 1 на оваа одлука, а посебно законитоста на точката 1 и на алинеите а) и б) од точка 3 на член 102, како и на ставот 1 на член 106 и ставот 1 на член 112 од спогодбата, затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со членот 4 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 22/73), како и за оценување согласноста на означените одредби од спогодбата со членовите 53 до 60 од овој закон. Во текот на постапката Судот утврди дека работниците во Гимназијата „Јосиф Јосифовски" во Гевгелија ја отстраниле незаконитоста на посебно оспорените одредби од самоуправната спогодба, поради што Судот заклучи дека не постојат процесни претпоставки за натамошно водење на постапка за нивното оценување.

4. Во претходната постапка и на седницата одржана на 9 октомври 1975 година Судот меѓутоа утврди дека оспорената самоуправна спогодба е донесена на 7 декември 1973 година односно по влегувањето во сила на сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и дека е донесена од советот на гимназијата, а не е склучена непосредно од работниците. Согласно членот 4 од означениот закон правата и обврските од меѓусебните односи во здружениот труд се уредуваат во основната организација со една или повеќе самоуправни спогодби за меѓусебните односи во здружениот труд што ги склучуваат работниците непосредно.

Со оглед на тоа што означената самоуправна спогодба е донесена од советот на гимназијата по влегувањето во сила на сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, а не е склучена непосредно од работниците, Судот оцени дека таа не е во согласност со означените одредби од овој закон, поради што одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

Оваа одлука, согласно членот 433 од Уставот на СР Македонија, Судот ја донесе на седница, без претходно одржување на јавна расправа, затоа што оцени дека за натамошното разјаснување на состојбата на работите по предметот не е неопходно присуство на учесниците во постапката.

У. бр. 83/74
9 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд
на Македонија,
д-р **Асен Групче,** с. р.

---

По извршеното срамнување со изворниот текст, установено е дека во текстот на Одлуката за избор и разрешување на претседатели и судии во окружните судови и окружните стопански судови, објавена во „Службен весник на СРМ" бр. 41/75, се поткраднала грешка, поради што се дава

## ИСПРАВКА

### НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И СУДИИ ВО ОКРУЖНИТЕ СУДОВИ И ОКРУЖНИТЕ СТОПАНСКИ СУДОВИ

Во глава VI, во првиот ред, по зборот „Окружниот" се додава зборот „стопански".

Број 10-140
24 декември 1975 година
Скопје

ОД ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНАТА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

---

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**356.**

Врз основа на член 16 од Законот за самоуправните интересни заедници за социјална заштита, („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 16, став 1 алинеја 5 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, на седницата одржана на 26 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 1976 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат основните организации на здружениот труд од доходот и работните луѓе

од личниот доход, заради обезбедување средства на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

II

Стапките на придонесот на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита се утврдуваат и тоа:

— 0,19% од доходот на основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации од областа на стопанството, вклучувајќи ги и организациите на здружениот труд регистрирани како установи, распоредени во областите од 1 до 8 од номенклатурата за распоредување на стопанските и другите организации и државни органи по дејности;

— 0,05% од личниот доход од работен однос на работниците што остваруваат личен доход од работен однос, освен за работниците вработени кај обврзниците од претходната алинеја од овој став.

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

Бр. 03-406/1
26 декември 1975 година
Скопје

Претседател
**Селман Рустеми,** с.р.

---

**357.**

Врз основа на член 16 и 56 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита (Заедница), Собранието на Заедницата за социјална заштита, на седницата одржана на 26 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 1976 ГОДИНА

I

Се донесува Финансискиот план на Заедницата за 1976 година со:

— приходи 34.000.000,00
— расходи 34.000.000,00.

II

Финансискиот план е составен дел на оваа Одлука.

III

Одлуката влегува во сила наредниот ден од донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

Број 03-407/1
26 декември 1975 година
Скопје

Претседател
**Селман Рустеми,** с.р.

---

**358.**

Врз основа на член 16 и 56 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита (Заедница), Собранието на Заедницата за социјална заштита, на седницата одржана на 26 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 1976 ГОДИНА

I

Се донесува Финансискиот план за периодот од 1 јануари до 31 март 1976 година.

II

Финансискиот план за периодот од 1 јануари до 31 март 1976 година е составен дел на Финансискиот план на Заедницата за 1976 година.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

Бр. 03-410/1
26 декември 1975 година
Скопје

Претседател
**Селман Рустеми,** с.р.

РЕПУБЛИЧКА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**359.**

Врз основа на член 14 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата, на седницата одржана на 8 јули 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПАТНИТЕ И ДНЕВНИТЕ ТРОШОЦИ НА ДЕЛЕГАТИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

I

За учество во работата на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата и неговите органи, на делегатите на Собранието им припаѓа надоместок за патни и дневни трошоци и надоместок за изгубен личен доход односно заработувачка.

II

Надоместокот на патните трошоци на делегатите се признава во висина на стварно направените трошоци за превоз, при што делегатите имаат право да се служат со сите превозни средства во јавниот сообраќај.

Во случај на употреба на сопствено превозно средство на делегатот му се признава надоместок во висина на цената за превоз со воз или автобус.

III

Висината на дневницата изнесува:

а) во рамките на Републиката 180 дин.
б) надвор од Републиката 240 дин.

Полн износ на дневницата следува над 12 до 24 часа, а 50% од износот на дневницата следува кога делегатот помине на пат над 8 до 12 часа.

IV

Ако за извршување на работи и задачи на Собранието и неговите органи се ангажираат надворешни лица кои не се во работен однос со Стручната служба на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата, на тие лица им припаѓа дневница според точка III од оваа одлука.

V

На делегатот му припаѓа надоместок за изгубен личен доход односно заработувачка за секој изгубен работен ден во висина на просечниот дневен износ на аконтацијата на личниот доход што ја остварува во својата основна организација на здружен труд.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 735
9 јули 1975 година
Скопје

Претседател
**Олга Шопова,** с.р.

---

**360.**

Врз основа на член 65 точка 3 од Законот за определени облици на општествената заштита на децата и самоуправните интересни заедници за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата, на седницата одржана на 29 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 1976 ГОДИНА

I

Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата во периодот од 1 јануари до 31 март 1976 година времено ќе се финансира во височина од 1/4 од извршените расходи во 1975 година.

II

Приходите што ќе се остварат во текот на временото финансирање претставуваат составен дел на финансискиот план на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата за 1976 година.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 1188/1
29 декември 1975 година
Скопје

Претседател
**Олга Шопова,** с.р.

---

**361.**

Врз основа на член 65 точка 4 од Законот за определени облици на општествена заштита на децата и за самоуправните интересни заедници за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата, на седницата одржана на 29 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 1976 ГОДИНА

I

Стручната служба на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата во периодот од 1 јануари до 31 март 1976 година времено ќе се финансира во височина од 1/4 од извршените расходи во 1975 година.

II

Приходите што ќе се остварат и расходите што ќе се извршат во текот на временото финансирање претставуваат составен дел на финансискиот план на Стручната служба за 1976 година.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 1188/3
29 декември 1975 година
Скопје

Претседател
**Олга Шопова,** с.р.

---

**362.**

Врз основа на член 65 точка 3 од Законот за определени облици на општествена заштита на децата и за самоуправните интересни заедници за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата, на седницата одржана на 29 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧЕН ДОХОД НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА 1976 ГОДИНА

I

Стапката на придонесот од личен доход на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата за 1976 година се утврдува на 2,95% од пропишаните основици со член 69 од Законот за определени облици на општествена заштита на децата и за самоуправните интересни заедници за општествена заштита на децата.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Број 1188/1
29 декември 1975 година
Скопје

Претседател
**Олга Шопова,** с.р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — БИТОЛА

**363.**

Врз основа на член 9 и 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), и член 26, став 1, точка 8 и член 27, став 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола и основни заедници во Битола, Демир Хисар и Ресен, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, на Заедничката седница на Соборот на делегатите работници — корисници на услугите и Соборот на делегатите — даватели на услугите, одржана на 26 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1976 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствено осигурување за 1976 година се утврдува на 7,10% од личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствена заштита од 3,35% и

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување од 3,75%.

Тарифата на придонесот за здравствено осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести се определува во височина од 0,20%. Основица за пресметување на придонесот од овој став кај обврзниците кои формираат доход, претставува остварениот доход намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход. Основица кај обврзниците кои не формираат доход, претставуваат бруто личните доходи и другите примања.

Придонес за несреќа на работа и заболување од професионални болести по 0,20% од бруто основицата пресметуваат и плаќаат и обврзниците на придонес кои не формираат доход за вработените по договор за дело.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство се определува во височина од 15% од нето личниот доход односно основицата утврдена со посебна одлука.

Посебниот придонес од претходниот став се распоредува по видови на правото сразмерно на стапките односно тарифата на придонесот определени со оваа одлука.

Член 3

Вкупната стапка на придонесите од член 1 на оваа одлука во висина од 7,30% се распределува за:

— Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — 1,35%,

—основните заедници на здравството и здравственото осигурување — 5,95%.

Член 4

Стапките на придонесите од претходниот член се распоредуваат по видови на здравствена заштита сразмерно на распределбата од член 1 на оваа одлука во зависност од видовите кои ги содржат.

Член 5

Обврзникот на уплата на придонесот должен е при уплата на придонесите за здравствено осигурување и посебниот придонес за користење на здравствената заштита во странство на самиот налог — уплатница да даде спецификација за уплатените придонеси по видови на правата со ознака на основицата, стапката и периодот за кој се пресметува и уплатува придонесот.

Доколку обврзникот за уплата на придонесите не го пополни налогот — уплатницата согласно став 1 на овој член, Службата на општественото книговодство нема да го прими налогот — уплатницата во смисла на член 38 од Законот за Службата на општественото книговодство.

Член 6

Придонесите ги пресметуваат и ги плаќаат обврзниците на начин утврден со Законот, Статутот и другите општи акти на Заедницата.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

02 — Број 48/38
26 декември 1975 година
Битола

Собор на корисници на услуги — работници
Претседател
**Томе Дранговски,** с.р.

Собор на даватели на услуги
Претседател
д-р **Душко Николовски,** с.р.

Собрание на Општинската Заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола
Претседател
**Дорче Спировски,** с.р.

---

**364.**

Врз основа на член 26, став 1, точка 8 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола и основни заедници на здравството и здравственото осигурување во Битола, Демир Хисар и Ресен, Соборот на делегатите корисници на услугите — земјоделци и Соборот на даватели на услуги на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, врз основа на претходно добиеното мислење од основните заедници, на заедничката седница одржана на 26 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1976 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравственото осигурување на земјоделците за 1976 година се определуваат и тоа:

1. За осигурениците — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приход) се плаќа:

а) по стапка од 8,2% на катастарскиот приход во кое се содржани:

— стапка на придонес за задолжителни видови на здравствена заштита од 4,1%, и

— стапка на придонес за правата кај задолжителните видови од 4,1%; и

б) по 40,00 дин. за секое осигурено лице во кој износ е содржано:

— износ од 20,00 дин. на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— износ од 20,00 дин. на име придонес за правата кај задолжителните видови.

2. За осигурениците — земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделски дејности се плаќа:

а) по 288,00 динари за домаќинство во кој износ се содржи:

— износ од 144,00 динари на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— износ од 144,00 динари на име придонес за правата кај задолжителните видови;

б) по 40,00 динари за секое осигурено лице во кој износ се содржи:

— износ од 20,00 динари на име придонес за задолжителните видови на здравствена заштита, и

— износ од 20,00 динари на име придонес за правата кај задолжителните видови.

Член 2

Од утврдените стапки и износи во претходниот член 13% отпаѓа на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, а 87% на основните заедници во Битола, Демир Хисар и Ресен.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

02 Број 48/39
26 декември 1975 година
Битола

Собор на делегати — корисници на услуги — земјоделци
Претседател,
**Раде Наумовски,** с.р.

Собор на делегати — даватели на услуги
Претседател,
д-р **Душко Николовски,** с.р.

Собрание на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување
Претседател
**Дорче Спировски,** с.р.

---

**365.**

Врз основа на член 25, став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), и член 26, точка 7 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница во Битола и основни заедници во Битола, Демир Хисар и Ресен, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, на заедничка седница на Соборот на делегатите на корисниците на услугите работници и Соборот на делегатите — даватели на услугите, одржана на 26 декември 1975 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ

I

Со оваа одлука се утврдуваат основици за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување и правата од здравственото осигурување за лица вработени кај приватните работодавци на подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, за кои со Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување не се утврдени основици.

II

Основица за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување и за утврдување на правата од ова осигурување на лицата вработени кај приватните работодавци претставува договорениот личен доход меѓу приватниот работодавец и работникот, кој не може да биде помал од:

1.280,00 динари за неквалификувани работници;
1.500,00 динари за полуквалификувани работници;
1.800,00 динари за квалификувани работници;
2.300,00 динари за висококвалификувани работници;
1.280,00 динари за домашни помошнички.

III

За ученици од училиштата за средно образование кои покрај училишната изведуваат и практична настава во работна организација на здружен труд или кај приватен работодавец основица за остварување права од здравственото осигурување претставува наградата што ја прима.

Оваа основица не може да биде помала од:
200,00 динари за ученици од прва година;
300,00 динари за ученици од втора година;
400,00 динари за ученици од трета година;
500,00 динари за ученици од четврта година.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1976 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

02-Број 48/42
26 декември 1975 година
Битола

Собор на делегати корисници на услуги — работници
Претседател,
**Томе Дранговски,** с.р.

Собор на делегати — даватели на услуги
Претседател,
д-р **Душко Николовски,** с.р.

Собрание на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување
Претседател,
**Дорче Спировски,** с.р.

---

**366.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), член 26, став 1, точка 8 и член 27, став 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола и основни заедници во Битола, Демир Хисар и Ресен, Собранието на

Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, на заедничка седница на Соборот на корисници на услугите — работници и Соборот на даватели на услугите од здравството, одржана на 26 декември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАНИ МЕСЕЧНИ ИЗНОСИ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ НА ОСИГУРЕНИЦИ

Член 1

Придонесите за здравствено осигурување во постојани месечни износи за 1976 година се плаќаат и тоа:

1. За лицата на доброволна и задолжителна практика (волонтери и други) кои не остваруваат личен доход, ако работат со полно работно време, во износ од 70,00 динари.

2. За учениците од училиштата за средно образование, односно учениците во стручните училишта со задолжителна практична настава во износ од 40,00 динари.

3. За лицата кои учествуваат на младински работни акции кои по прописите од инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност, лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, за лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука, лицата припадници на територијалните единици на цивилната заштита за време на изведувањето на задачите од територијалната одбрана-во износ од 36,00 динари.

4. За уживателите на постојана помош доделена од страна на бившите президиуми на Народните собранија или од страна на Извршниот совет — во износ од 90,00 динари.

5. За членовите на потесното семејство на југословенските работници на работа во странство кои живеат на подрачјето на Заедницата, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравственото осигурување се плаќа придонес за здравствено осигурување во постојан износ од 60,00 динари.

Член 2

Во постојан месечен износ се плаќа и придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести за учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, Факултетите и уметничките академии за времетраењето на практичната работа во врска со наставата, како и за припадниците на доброволните организации на противпожарната заштита-во износ од 20,00 динари.

Член 3

Наплатените придонеси од член 1, точка 1, 2 и 3 се распоредуваат:

— за задолжителни видови на здравствена заштита — 40%,

— за здравствена заштита предизвикана поради несреќа на работа и професионални заболувања — 10%,

— за обезбедување на правата што самостојно ги утврдува Заедницата — 50%.

Наплатените придонеси од член 1 точка 4 и 5 се распоредуваат:

— за задолжителни видови на здравствена заштита — 40%,

— за обезбедување на правата што самостојно ги утврдува Заедницата — 60%.

Член 4

Од вкупно наплатените придонеси по оваа одлука припаѓаат на:

— Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — 18,5%, и

— основните заедници на здравството и здравственото осигурување Битола, Демир Хисар и Ресен — 81,5%.

Член 5

Придонесите за лицата опфатени со член 1 и 2 од оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад по исклучок на придонесите од член 1, точка 5.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од 1 месец, за секој календарски ден во соодветниот месец се плаќа по 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

02 Број 48/41
26 декември 1975 година
Битола

Собор на делегати корисници на услуги — работници
Претседател,
**Томе Дранговски,** с.р.

Собор на делегати — даватели на услуги
Претседател,
д-р **Душко Николовски,** с.р.

Собрание на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување
Претседател,
**Дорче Спировски,** с.р.

## ОПШТИНСКА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КАВАДАРЦИ

**367.**

Врз основа на член 23 точка 21 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кавадарци на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 18. јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ТРОШОЦИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

I

Точката 1 од член 3 од Одлуката за учество на осигурените лица во трошоците при користење на здравствената заштита („Службен весник на СРМ", бр. 33/75), се менува и гласи:

„1. Сите лекови со 3,00 дин. по еден лек, освен за оние за чија употреба е потребно непосредна интервенција од стручен работник".

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јули 1975 година.

Број 01-460
29 мај 1975 година
Кавадарци

Претседател
**Петре Шулевски,** с.р.

## СОДРЖИНА

Страна

500. Закон за општествениот правобранител на самоуправувањето — — — — — — 889

501. Закон за основање на основни судови на здружениот труд — — — — — — 896

502. Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на недвижности и права — — — — — — 896

503. Резолуција за економскиот и социјалниот развој на СР Македонија во 1976 година 898

504. Одлука за определување бројот на судиите во судовите на здружениот труд — 908

505. Одлука за определување бројот на судиите на Републичкиот совет за прекршоци — — — — — — — — — 909

506. Одлука за републичкиот стандард за задолжителното основно образование — — 909

507. Одлука за утврдување бројот на помошниците на републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето — — 909

508. Одлука за формирање Заедничка комисија на Соборот на здружениот труд и општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ за прашања на борците и инвалидите од војната — — — — — 910

509. Одлука за давање согласност на Статутот на Републичкиот фонд за кредитирање побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта — — — — — 910

510. Одлука за усвојување на Општествениот договор за основите на самоуправното уредување на односите и дејствувањето во областа на вработувањето во СР Македонија — — — — — — — — 911

511. Одлука за помилување на осудени лица 911

512. Наредба за сообраќај на возила на моторен погон и приклучни возила на патиштата во зимски услови — — — — 911

513. Наредба за преземање мерки за заштита на животните од заразни и паразитни болести во 1976 година — — — — — 912

514. Упатство за начинот на намалувањето на данокот на купувачите на обврзници и плаќањето на данок со обврзници на Федерацијата — — — — — — — — 916

515. Програма за спроведување на задолжителна имунизација на населението против заразните болести во 1976 година — — 917

516. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 15/75 од 20 ноември 1975 година 919

517. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 17/75 од 15 октомври 1975 година 920

518. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 30/75 од 20 ноември 1975 година 920

519. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 49/75 од 6 ноември 1975 година — 921

520. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 83/74 од 9 октомври 1975 година — 922

**Исправка** на Одлуката за избор и разрешување на претседатели и судии во окружните судови и окружните стопански судови — — — — — — — — — 922

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

356. Одлука за утврдување стапките на придонесите на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита за 1976 година — — — — — — — 922

357. Одлука за донесување Финансиски план на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита за 1976 година — — — — — — — — — 923

358. Одлука за донесување Финансиски план на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита за периодот од 1 јануари до 31 март 1976 година — — — — — — — — — 923

359. Одлука за висината на надоместокот на патните и дневните трошоци на делегатите на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — — — — — 923

360. Одлука за времено финансирање на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата во периодот од 1 јануари до 31 март 1976 година — — — — — — — — — 924

361. Одлука за времено финансирање на Стручната служба на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата во периодот од 1 јануари до 31 март 1976 година — — 924

362. Одлука за утврдување стапката на придонесот од личен доход на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата за 1976 година — — — — — — — — — — 924

363. Одлука за стапките и тарифата на придонесите за здравствено осигурување и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за 1976 година — — — — — — 925

364. Одлука за придонесите на здравственото осигурување на земјоделците за 1976 година — — — — — — — — — — 925

365. Одлука за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување на лица вработени кај приватни работодавци — — 926

366. Одлука за придонесите на здравственото осигурување што се плаќаат во постојани месечни износи за одделни категории на осигуреници — — — — — — 927

367. Одлука за измена на Одлуката за учество на осигурените лица во трошоците при користење на здравствена заштита — — 927

**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**

# ПОСЕБЕН ДЕЛ
## НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1974 ГОДИНА

### РАЗДЕЛ 1 — СОБРАНИЕ НА СР МАКЕДОНИЈА

| Број на позицијата | Распоред-на група или под-група | ОСНОВНА И ПОБЛИСКА НАМЕНА | Предви-дено по буџетот | Предви-дено по до-полнител-ните из-мени | Извршено |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | 01 — ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ | | | |
| 1 | 01—1 | За редовна дејност | 8.300.000 | 8.300.000 | 8.300.000 |
| 2 | 01—2 | Лични примања на избраните лица | 12.000.000 | 12.000.000 | 12.000.000 |
| 3 | 01—2 | За Претседателството на СР Македонија | 1.650.000 | 1.650.000 | 1.650.000 |
| 4 | 01—2 | За Советот на СР Македонија | 3.000.000 | — | — |
| 5 | 01—2 | Паушали на пратеници | 1.440.000 | 1.440.000 | 1.440.000 |
| 6 | 01—2 | Патни и дневни трошоци за именуваните лица на Собранието на СР Македонија | 2.200.000 | 1.700.000 | 1.700.000 |
| 7 | 01—2 | Придонес за комунално уредување на градажно земјиште | 150.000 | 150.000 | 150.000 |
| 8 | 01—2 | Материјални расходи за новите тела на Собранието | 680.000 | 680.000 | 680.000 |
| 9 | 01—2 | Трошоци за републички избори на пратениците | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 |
| 10 | 01—2 | Трошоци за директни и специјални телефони | 263.000 | 263.000 | 263.000 |
| 11 | 01—2 | Печатење за стенографски белешки | 240.000 | 240.000 | 240.000 |
| 12 | 01—2 | Трошоци за приеми и пречеци | 500.000 | 500.000 | 500.000 |
| 13 | 01—2 | Трошоци за анализи и студии | 100.000 | — | — |
| 14 | 01—2 | Трошоци на Комисијата за уставни прашања и Законодавно-правната комисија | 300.000 | 300.000 | 300.000 |
| 15 | 01—2 | Трошоци за одржување на патнички возила | 114.000 | 114.000 | 114.000 |
| 16 | 01—2 | Трошоци за декорација на зградата за државни празници | 40.000 | 40.000 | 40.000 |
| 17 | 01—2 | Трошоци за преведување на албански и турски јазик | 50.000 | — | — |
| 18 | 01—2 | Трошоци за надворешни лица што учествуваат во работата на телата на Собранието | 300.000 | 300.000 | 300.000 |
| | | 04 — НЕСТОПАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ | | | |
| 19 | 04—1 | За набавка на опрема, адаптација и реконструкција на работните простории | 3.294.000 | 3.294.000 | 3.294.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 1 (позиции 1—19) | 35.621.000 | 31.971.000 | 31.971.000 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | | |
| | | За редовна дејност | 8.300.000 | 8.300.000 | 8.300.000 |
| | | За посебни намени | 27.321.000 | 23.671.000 | 23.671.000 |
| | | ВКУПНО: | 35.621.000 | 31.971.000 | 31.971.000 |

### РАЗДЕЛ 2 — ИЗВРШЕН СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

#### ГЛАВА 1 ИЗВРШЕН СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 01 — ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ | | | |
| 20 | 01—1 | За редовна дејност | 6.651.000 | 6.651.000 | 6.651.000 |
| 21 | 01—2 | Лични примања на избраните лица од Собранието на СРМ и именуваните од Извршниот совет | 5.000.000 | 5.510.000 | 5.510.000 |
| 22 | 01—2 | Надоместоци за работа под посебни услови | 560.000 | — | — |
| 23 | 01—2 | Надоместоци за одвоен живот од семејството | 30.000 | 30.000 | 30.000 |
| 24 | 01—2 | Трошоци за директни и специјални телефони | 250.000 | 250.000 | 250.000 |
| 25 | 01—2 | Патни и дневни трошоци на избраните и именуваните лица и лицата што ги опслужуваат | 456.000 | 456.000 | 456.000 |
| 26 | 01—2 | Надоместок за надворешни соработници | 200.000 | 200.000 | 200.000 |
| 27 | 01—2 | Трошоци за приеми и пречеци | 350.000 | 350.000 | 350.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 28 | 01—2 | Трошоци за набавка на стручна литература, весници и списанија | 40.000 | 40.000 | 40.000 |
| 29 | 01—2 | Трошоци за одржување на објектите за потребите на Републиката | 2.970.000 | 2.970.000 | 2.970.000 |
| 30 | 01—2 | Трошоци за хигиенско-техничка заштита и набавка на облека | 70.000 | 70.000 | 70.000 |
| | | 04 — НЕСТОПАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ | | | |
| 31 | 04—1 | За откуп и изградба на станови | 2.500.000 | 2.500.000 | 2.498.774 |
| 32 | 04—1 | За набавка на опрема за републичките органи за управата | 2.000.000 | 2.000.000 | 1.924.996 |
| 33 | 04—1 | За набавка на опрема за објектите за поребите на Републиката | 2.050.000 | 2.050.000 | 2.046.579 |
| 34 | 04—3 | За отплата на обврски од поранешни години | 753.000 | 753.000 | 736.439 |
| | | ВКУПНО ГЛАВА 1 (позиции 20 до 34) | 24.150.000 | 23.830.000 | 23.733.788 |
| | | ГЛАВА 2 — **СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ОДНОСИ СО СТРАНСТВО** | | | |
| | | 01 — ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ | | | |
| 35 | 01—1 | За редовна дејност | 911.000 | 911.000 | 911.000 |
| 36 | 01—2 | Лични примања на именувани лица | 262.000 | 262.000 | 262.000 |
| 37 | 01—2 | Трошоци за пречек на гости | 10.000 | 10.000 | 10.000 |
| 38 | 01—2 | Трошоци за користење на патнички возила | 10.000 | 10.000 | 10.000 |
| 39 | 01—2 | Трошоци за пограничні средби | 350.000 | 350.000 | 350.000 |
| | | ВКУПНО ГЛАВА 2 (позиции 35 до 39) | 1.543.000 | 1.543.000 | 1.543.000 |
| | | ГЛАВА 3 — **СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА КАДРОВСКИ ПРАШАЊА** | | | |
| 40 | 01—1 | За редовна дејност | 612.000 | 612.000 | 612.000 |
| 41 | 01—2 | Лични примања на именуваните лица | 110.000 | 110.000 | 110.000 |
| 42 | 01—2 | Надоместок за лични примања на лицата на работа во сојузните органи на управата на кои им истекол мандатот и трошоци за подготвување на кадри за работа во сојузната управа и органите од областа на надворешната политика | 1.000.000 | 786.000 | 786.000 |
| | | ВКУПНО ГЛАВА 3 (позиции 40 до 42) | 1.722.000 | 1.508.000 | 1.508.000 |
| | | ГЛАВА 4 — **БИРО ЗА ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ** | | | |
| 43 | 01—1 | За редовна дејност | 523.000 | 523.000 | 523.000 |
| 44 | 01—2 | Лични примања на именувани лица | 190.000 | 190.000 | 190.000 |
| 45 | 01—2 | Патни и други трошоци за странки | 10.000 | 10.000 | 500 |
| | | ВКУПНО ГЛАВА 4 (позиции 43 до 45) | 723.000 | 723.000 | 713.500 |
| | | ГЛАВА 4 — **СОВЕТ ЗА ИСЕЛЕНИЧКИ ПРАШАЊА** | | | |
| | | 04 — НЕСТОПАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ | | | |
| 46 | 04—1 | Откуп и изградба на станови за повратници | 15.000.000 | 15.000.000 | 15.000.000 |
| | | ВКУПНО ГЛАВА 5 (позиција 46) | 15.000.000 | 15.000.000 | 15.000.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 2 (позиции 20 до 46) | 42.868.000 | 42.604.000 | 42.498.288 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | | |
| | | За редовна дејност | 8.697.000 | 8.697.000 | 8.697.000 |
| | | За посебни намени | 34.151.000 | 33.907.000 | 33.801.288 |
| | | ВКУПНО: | 42.848.000 | 42.604.000 | 42.498.288 |
| РАЗДЕЛ 3 — | | **УСТАВЕН СУД НА МАКЕДОНИЈА** | | | |
| | | 01 — ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ | | | |
| 47 | 01—1 | За редовна дејност | 850.000 | 850.000 | 850.000 |
| 48 | 01—2 | Лични примања на претседателот и судиите | 1.063.000 | 1.063.000 | 1.063.000 |
| 49 | 01—2 | Трошоци за користење и одржување на работните простории | 272.000 | 272.000 | 272.000 |
| | | 04 — НЕСТОПАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ | | | |
| 50 | 04—1 | За набавка на опрема и адаптација на салите | 96.000 | 96.000 | 96.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 3 (позиции 47 до 50) | 2.281.000 | 2.281.000 | 2.281.000 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | | |
| | | За редовна дејност | 850.000 | 850.000 | 850.000 |
| | | За посебни намени | 1.431.000 | 1.431.000 | 1.431.000 |
| | | ВКУПНО: | 2.281.000 | 2.281.000 | 2.281.000 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **РАЗДЕЛ 4 — МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ** | | | |
| | | 06 — НАУЧНА ДЕЈНОСТ | | | |
| 51 | 06 | За редовна дејност | 1.420.000 | 1.420.000 | 1.420.000 |
| 52 | 06 | Надоместок на академци | 465.000 | 465.000 | 465.000 |
| 53 | 06 | За набавка на книги и списанија | 290.000 | 290.000 | 290.000 |
| 54 | 06 | За студии и истражувања | 240.000 | 240.000 | 240.000 |
| 55 | 06 | Трошоци за репрезентација | 30.000 | 30.000 | 30.000 |
| 56 | 06 | Симпозиуми, советувања и собири во земјата | 40.000 | 40.000 | 40.000 |
| 57 | 06 | Симпозиуми, советувања и собири во странство | 80.000 | 80.000 | 80.000 |
| 58 | 06 | Откуп на уметнички дела | 50.000 | 50.000 | 50.000 |
| 59 | 06 | Одржување на научни собири | 100.000 | 100.000 | 100.000 |
| 60 | 06 | Совет на академии | 40.000 | 40.000 | 40.000 |
| 61 | 06 | За издавачка дејност | 536.000 | 536.000 | 536.000 |
| 62 | 06 | Откуп на ракописи, архивска граѓа и микрофилмување на ретки и старопечатени книги | 105.000 | 105.000 | 105.000 |
| 63 | 06 | Набавка на опрема | 40.000 | 40.000 | 40.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 4 (позиции 51 до 63) | 3.436.000 | 3.436.000 | 3.436.000 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | | |
| | | За редовна дејност | 1.420.000 | 1.420.000 | 1.420.000 |
| | | За посебни намени | 2.016.000 | 2.016.000 | 2.016.000 |
| | | ВКУПНО: | 3.436.000 | 3.436.000 | 3.436.000 |
| | | **РАЗДЕЛ 5 — РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА** | | | |
| | | 01 — ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ | | | |
| 64 | 01—1 | За редовна дејност | 1.115.000 | 1.115.000 | 1.115.000 |
| 65 | 01—2 | Лични примања на именувани лица | 290.000 | 290.000 | 290.000 |
| 66 | 01—2 | Лични примања на воените лица | 432.000 | 432.000 | 432.000 |
| 67 | 01—2 | Материјални расходи на Советот за народна одбрана и Републичкиот штаб за цивилна заштита | 15.000 | 15.000 | 15.000 |
| 68 | 01—2 | Трошоци за одржување на возила и средства за врски | 34.000 | 34.000 | 34.000 |
| 69 | 01—2 | Трошоци за обука и набавка на филмови | 215.000 | 215.000 | 215.000 |
| 70 | 01—2 | Партиципација за посебни задачи на народната одбрана | 660.000 | 660.000 | 660.000 |
| 71 | 01—2 | За посебни намени | 3.400.000 | 3.400.000 | 3.400.000 |
| | | 05 — ДЕЈНОСТ ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ | | | |
| 72 | 05 | Семинари, советувања и вежби | 75.000 | 75.000 | 36.115 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 5 (позиции 64 до 72) | 6.236.000 | 6.236.000 | 6.197.115 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | | |
| | | За редовна дејност | 1.115.000 | 1.115.000 | 1.115.000 |
| | | За посебни намени | 5.121.000 | 5.121.000 | 5.082.115 |
| | | ВКУПНО: | 6.236.000 | 6.236.000 | 6.197.115 |
| | | **РАЗДЕЛ 6 — РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ** | | | |
| | | 01 — ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ | | | |
| 73 | 01—1 | За редовна дејност | 51.780.000 | 51.780.000 | 51.780.000 |
| 74 | 01—2 | Совет за безбедност на сообраќајот | 172.500 | 172.500 | 172.500 |
| 75 | 01—2 | За посебни намени | 20.268.000 | 24.063.160 | 24.063.160 |
| | | 04 — НЕСТОПАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ | | | |
| 76 | 04—1 | За набавка на опрема | 5.000.000 | 5.000.000 | 5.000.000 |
| 77 | 04—1 | За станови на работниците во РСВР | 1.500.000 | 1.500.000 | 1.500.000 |
| | | 05 — ДЕЈНОСТ ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ | | | |
| 78 | 05— | Трошоци за средното училиште за внатрешни работи | 7.615.000 | 7.615.000 | 7.615.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 6 (позиции 73 до 78) | 86.335.500 | 90.130.660 | 90.130.660 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | | |
| | | За редовна дејност | 51.780.000 | 51.780.000 | 51.780.000 |
| | | За посебни намени | 34.555.500 | 34.555.500 | 34.555.500 |
| | | ВКУПНО: | 86.335.500 | 90.130.660 | 90.130.660 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| РАЗДЕЛ 7 — | | **РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО** | | | |
| | | 01 — ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ | | | |
| 79 | 01—1 | За редовна дејност | 1.225.000 | 1.225.000 | 1.225.000 |
| 80 | 01—2 | Лични примања на именувани лица | 370.000 | 370.000 | 370.000 |
| 81 | 01—2 | Надоместок на лицата за неоправдано поминато време во притвор и истражен затвор | 400.000 | 300.000 | 300.000 |
| 82 | 01—2 | Надоместок за издршка на осудени и притворени лица во Републиката и надвор од неа и други трошоци | 400.000 | 400.000 | 400.000 |
| 83 | 01—2 | Надоместок за комисии за правосудни испити и испити за судиите за прекршоци | 80.000 | 80.000 | 80.000 |
| 84 | 01—2 | Трошоци за работа на Републичката комисија за условен отпуст | 10.000 | 10.000 | 10.000 |
| 85 | 01—2 | Трошоци за преведување на документи на странски јазици во врска со меѓународната правна помош | 20.000 | 20.000 | 150.000 |
| 86 | 01—2 | Надоместок за надворешни соработници | 50.000 | 50.000 | 25.000 |
| 87 | 01—2 | Надоместок за ажурирање решавањето на заостанатите предмети во окружните судови, окружните стопански судови и окружните јавни обвинителства | 150.000 | 150.000 | 150.000 |
| | | 05 — ДЕЈНОСТ ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ | | | |
| 88 | 05 | Трошоци за стручни советувања | 30.000 | 30.000 | 16.679 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 7 (позиција 79 до 88) | 2.735.000 | 2.635.000 | 2.591.679 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | | |
| | | За редовна дејност | 1.225.000 | 1.225.000 | 1.225.000 |
| | | За посебни намени | 1.510.000 | 1.410.000 | 1.366.679 |
| | | ВКУПНО: | 2.735.000 | 2.635.000 | 2.591.679 |
| РАЗДЕЛ 8 | | **РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО И ОРГАНИЗАЦИЈА** | | | |
| | | 01 — ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ | | | |
| 89 | 01—1 | За редовна дејност | 1.115.000 | 1.115.000 | 1.115.000 |
| 90 | 01—2 | Лични примања на именувани лица | 287.000 | 287.000 | 287.000 |
| 91 | 01—2 | Трошоци околу ревизијата на републичкото законодавство | 30.000 | 30.000 | 30.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 8 (позиции 89 до 91) | 1.432.000 | 1.432.000 | 1.432.000 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | | |
| | | За редовна дејност | 1.115.000 | 1.115.000 | 1.115.000 |
| | | За посебни намени | 317.000 | 317.000 | 317.000 |
| | | ВКУПНО: | 1.432.000 | 1.432.000 | 1.432.000 |
| РАЗДЕЛ 9 — | | **РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** | | | |
| | | 01 — ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ | | | |
| 92 | 01—1 | За редовна дејност | 1.497.000 | 1.497.000 | 1.497.000 |
| 93 | 01—2 | Лични примања на именувани лица | 364.000 | 364.000 | 364.000 |
| 94 | 01—2 | Материјални трошоци на Републичкиот фонд за стимулирање талентираноста на младите | 50.000 | 50.816 | 50.816 |
| 95 | 01—2 | Трошоци за жири-комисии и рецензии | 7.000 | 7.000 | 7.000 |
| 96 | 01—2 | Финансирање на сојузни установи | 85.000 | 85.000 | 84.000 |
| | | 05 — ДЕЈНОСТ ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТУВАЊЕ | | | |
| 97 | 05 | Учество во намирувањето на трошоците за школување на децата на нашите сонародници во странство | 150.000 | 150.000 | 149.185 |
| | | 06 — НАУЧНА ДЕЈНОСТ | | | |
| 98 | 06 | Сеизмолошка опсерваторија на Универзитетот во Скопје | 814.000 | 814.000 | 814.000 |
| 99 | 06 | Совет за координација на научните дејности | 100.000 | 100.000 | 50.415 |
| 100 | 06 | Педагошки совет | 60.000 | 60.000 | 59.927 |
| 101 | 06 | Награди на ученици и студенти | 45.000 | 45.000 | 43.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 9 (позиција 92 до 101) | 3.172.000 | 3.172.816 | 3.119.343 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | | |
| | | За редовна дејност | 1.497.000 | 1.497.000 | 1.497.000 |
| | | За посебни намени | 1.675.000 | 1.675.816 | 1.622.343 |
| | | ВКУПНО: | 3.172.000 | 3.172.816 | 3.119.343 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| РАЗДЕЛ 10 | | **РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА КУЛТУРА** | | | |
| | | 01 — ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ | | | |
| 102 | 01—1 | За редовна дејност | 810.000 | 810.000 | 810.000 |
| 103 | 01—2 | Лични примања на именувани лица | 188.000 | 188.000 | 188.000 |
| 104 | 01—2 | Трошоци за одржување на меморијални музеи | 20.000 | 20.000 | 17.400 |
| 105 | 01—2 | Учество во финансирањето на сојузни установи | 181.000 | 181.000 | 181.000 |
| | | 04 — НЕСТОПАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ | | | |
| 106 | 04—1 | За адаптација на простории во националната библиотека „Климент Охридски" | 1.460.000 | 1.460.000 | 1.460.000 |
| | | 07 — КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНА ДЕЈНОСТ | | | |
| 107 | 07 | Архив на Македонија | 785.000 | 785.000 | 785.000 |
| 108 | 07 | Ансамбл на народни игри и песни „Танец" | 450.000 | 450.000 | 450.000 |
| 109 | 07 | Национална библиотека „Климент Охридски" | 2.300.000 | 2.300.000 | 2.300.000 |
| 110 | 07 | Републички завод за заштита на спомениците на културата | 528.000 | 528.000 | 528.000 |
| 111 | 07 | Македонска кинотека | 250.000 | 250.000 | 250.000 |
| 112 | 07 | Специјализации и усовршување во странство | 350.000 | 350.000 | 349.628 |
| 113 | 07 | Трошоци за микрофилмување на историска граѓа | 350.000 | 350.000 | 350.000 |
| 114 | 07 | Награди „11 Октомври" | 174.500 | 174.500 | 174.391 |
| 115 | 07 | Награди „Климент Охридски" | 102.500 | 102.500 | 95.100 |
| 116 | 07 | Награди „Мито Хаџивасилев Јасмин" | 23.700 | 23.700 | 7.758 |
| 117 | 07 | Музеј на словенската писменост | 100.000 | 100.000 | 100.000 |
| 118 | 07 | Поддржување на програмата на кинематографијата | 450.000 | 450.000 | 450.000 |
| 119 | 07 | Поддржување на програмата за издавање на дела од светските класици | 625.000 | 625.000 | 625.000 |
| | | ВКУПНО РАЗДЕЛ 10 (позиции 102 до 119) | 9.147.700 | 9.147.700 | 9.121.277 |
| | | РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА РАЗДЕЛОТ | | | |
| | | За редовна дејност | 810.000 | 810.000 | 810.000 |
| | | За посебни намени | 8.337.700 | 8.337.700 | 8.311.277 |
| | | ВКУПНО: | 9.147.700 | 9.147.700 | 9.121.277 |
| РАЗДЕЛ 11 — | | **РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ИНФОРМАЦИИ** | | | |
| | | 01 — ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ | | | |
| 120 | 01—1 | За редовна дејност | 1.095.000 | 1.095.000 | 1.095.000 |
| 121 | 01—2 | Лични примања на именувани лица | 194.000 | 194.000 | 194.000 |
| 122 | 01—2 | Трошоци за издавање публикации на странски јазици | 1.150.000 | 1.150.000 | 1.150.000 |
| 123 | 01—2 | Трошоци за одделни радиотелевизиски емисии и програми за странство и за народностите | 2.000.000 | 2.000.000 | 2.000.000 |
| 124 | 01—2 | Трошоци за испраќање на македонски печат и книги во странство | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 |
| 125 | 01—2 | Трошоци за пречек на странски и домашни гости и делегати | 100.000 | 100.000 | 100.000 |
| 126 | 01—2 | Трошоци за набавка и испраќање на грамофонски плочи и магнетофонски ленти во странство, фото-изложби, колорслајдови, документарни филмови, носии, музички инструменти, снимање на колор филмови и испраќање на истите во странство | 200.000 | 200.000 | 200.000 |
| 127 | 01—2 | Трошоци за набавка на книги, списанија и весници за документација | 210.000 | 210.000 | 210.000 |
| 128 | 01—2 | Трошоци за фото-лабораториски материјали | 30.000 | 30.000 | 30.000 |
| 129 | 01—2 | Трошоци за гостување на деца од источноевропските земји | 55.000 | 55.000 | 55.000 |
